# СОДРЖИНА


*ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

- **Оданочување и ослободувања од ДЛД за нерезидентни физички лица..........................................5**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Задршки и намалувања од платата на работникот....................................................25**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Вршење на јавен превоз на стока и патници при внатрешна, меѓудржавна и меѓународна пловидба..................................................43**

*СМЕТКОВОДСТВО*

- **Работни податоци и информации за период Јануари – Јуни 2025 година...................................56**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Јуни 2025 година…...................................79**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Мај 2025 година ..........................102**
- **Коефициент на пораст на цените за Мај 2025 ..................103**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2025 година...........................................105**
- **Цени на гориво..........................................................................107**
- **Рокови за поднесување во Јуни 2025 година...................109**

*ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*......................................**112**



**СКОПЈЕ, ЈУНИ 2025**

**6**

# ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

*дипл.економист: Ромео Костадинов*

## ОДАНОЧУВАЊЕ И ОСЛОБОДУВАЊА ОД ДЛД ЗА НЕРЕЗИДЕНТНИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА

***Нерезидентните физички лица согласно пропишаната постапка со Законот се ослободуваат од ДЛД за доходот остварен во МК, доколку ги исполнат законските услови.***

### *ВОВЕД*

Со законот се уредува оданочувањето на личниот доход на физичките лица, обврзникот за плаќање на данокот на личен доход, даночната основа за пресметување на данокот на личен доход, даночните стапки, роковите за плаќање на данокот на личен доход, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на данокот на личен доход (“Службен весник на РМ” 241/18 и “Службен весник на РСМ” 274/19... 274/22).

Данокот на личен доход се плаќа годишно на збирот на доходот од сите извори, освен на доходот што е изземен од оданочување со законот.

Под личен доход се подразбираат следните видови доход, остварени во земјата и во странство: доход од работа; од самостојна дејност; од авторски и сродни права; доход од продажба на сопствени земјоделски производи; од права од индустриска сопственост; од закуп и подзакуп; од капитал; капитални добивки; добивки од игри на среќа; доход од осигурување и друг доход.

На оданочување подлежи доходот што е остварен во пари, во хартии од вредност, во натура, или во некој друг вид.

## *1. ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК РЕЗИДЕНТ И НЕРЕЗИДЕНТ*

Даночен обврзник на данокот на доход е секое физичко лице резидент на Република Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство.

Резидент во смисла на законот е физичко лице кое на територијата на Република Македонија, има постојано живеалиште или престојувалиште.

Резидентот има престојувалиште, ако на територијата на Република Македонија престојува непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена во кој било 12-месечен период.

Обврзник на данокот на доход, во смисла на законот е и трговец поединец, како и физичко лице кое се занимава со земјоделска дејност, со занаетчиска дејност и лице кое врши услуги или слободно занимање.

Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое не е **резидент** на Република Македонија **за доходот** што е **остварен** на територијата на Република Македонија.

Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое непријавено врши дејност и остварува доход кој подлежи на оданочување според одредбите на законот.

Заради примена на даночното изземање или намалување кое произлегува од меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување, органот за јавни приходи по барање на обврзникот - резидент издава потврда за даночен резидент на Република Македонија.

Формата и содржината на барањето, како и начинот на издавање на потврдата за даночен резидент ги пропишува министерот за финансии.

Потврдата за даночен резидент, органот за јавни приходи е должен да ја издаде **во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето** за нејзино издавање.

Заради одбегнување двојно оданочување, на обврзникот - резидент му се намалува пресметаниот данок на доход за износот на платениот данок на доход во друга држава, најмногу до износот што би се добил со примена на даночните стапки предвидени со Законот за данокот на личен доход, со кои се оданочува доходот во Македонија.

## 2. ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДЛД ОД РЕЗИДЕНТИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА

На одделните видови доход, во текот на годината се пресметува **аконтација на данокот на доход.** Аконтацијата се наплатува по одбивка од секој доход по поднесена електронска пресметка од исплатувач, поднесена електронска пресметка од физичко лице или врз основа на решение или електронска пресметка на органот за јавни приходи, освен ако не е поинаку определено со законот.

Аконтацијата претставува износот на данок кој обврзникот го плаќа во текот на годината, пред утврдување на годишниот данок на доход, со годишната даночна пријава.

Износот на платената аконтација на данокот на доход се одбива од пресметаниот годишен данок на доход, а намалувањата се признаваат во износ во кој се одобрени при аконтативното пресметување.

### 2.1. Аконтација на данокот по одбивка

Согласно одредбите од член 80 од ЗДЛД, аконтацијата на данокот на доход се плаќа по одбивка, односно исплатувачот на доходот го пресметува, задржува и плаќа данокот на доход за обврзникот, при секоја исплата на следните видови доход:

1) доход од работа;

2) доход од авторски и сродни права;

3) доход од продажба на сопствени земјоделски производи, ако исплатувачот на доходот води деловни книги;

4) доход од закуп и подзакуп, ако исплатувачот на доходот води деловни книги;

5) доход од права од индустриска сопственост;

6) доход од капитал;

7) добивки од игри на среќа;

8) доход од осигурување и

9) друг доход, ако исплатувачот на доходот води деловни книги.

Аконтација на данокот на доходот од членот 80 од законот пресметува исплатувачот за секој обврзник и за секој поединечно исплатен доход.

Аконтацијата како исплатувач пресметува регистриран субјект за вршење на дејност.

Аконтацијата на данокот на доходот од членот 80 се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена на стапката од 10%.

Исплатувачот од членот 84 од законот, пред секоја исплата на доходот на кои аконтацијата на данокот се плаќа по одбивка, е должен до органот за јавни приходи да достави пресметка за бруто-доходот, одбитоците, пресметаниот данок по одбивка и нето-доход за исплата, за секој обврзник поединечно.

По исклучок, исплатувачите на добивки од посебните игри на среќа се должни до органот за јавни приходи да достават пресметка за бруто-доходот и пресметаниот данок по одбивка за секој обврзник поединечно, кој остварил добивки од посебните игри на среќа, најдоцна наредниот ден по денот на исплатата на доходот.

Исплатувачот на добивки од посебни игри на среќа е должен на органот за јавни приходи да му достави месечен извештај за исплатен доход - добивки од игри на среќа и за пресметаниот и платен данок по одбивка, најдоцна до седми во тековниот за претходниот месец.

Пресметката се доставува по пат на пренос на податоци во електронска форма.

Пресметката ја одобрува органот за јавни приходи, пред да се изврши плаќањето на данокот и исплатата на доходот, кај носителот на платниот промет.

Пресметката ја одобрува органот за јавни приходи, пред да се изврши плаќањето на данокот кај носителот на платниот промет.

Начинот на пресметка и уплата на аконтациите на данокот на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за доход и данок ги пропишува министерот за финансии.

Формата, содржината и начинот на поднесување на извештајот ги пропишува министерот за финансии.

По исклучок, обврзникот за пресметка и уплата на данок на доход по основа на плата, надоместок на плата и исплата по основа на деловна успешност на работодавачот е должен пресметката да ја врши месечно, поединечно за секој обврзник за плаќање за соодветниот месец и податоците за пресметана плата или дел од плата, надоместок на плата и исплата по основа на деловна успешност да ги доставува до органот за јавни приходи најдоцна до десетти во тековниот за претходниот месец

по електронски пат, на образец пропишан со Правилникот за начинот на пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување.

Исплатувачот од членот 84 од законот е должен на обврзникот да му издаде примерок од пресметката за аконтацијата на данокот на доход и за платените придонеси при секоја исплата.

Органот за јавни приходи по службена должност прибавува податоци од други субјекти, кои се од значење за утврдување на данокот, а се однесуваат на остварениот доход на физички лица.

Во текот на годината, обврзникот пресметува и плаќа аконтација на данокот на доход за следните видови доход:

1) доход од закуп и подзакуп, остварен од издавање на:

- физички лица,

- физички лица кои остваруваат доход од самостојна дејност, а данокот го плаќаат според паушално утврден нето-доход,

- дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави и меѓународни организации, во случаи кога обврзникот остварува бруто-доход;

2) капитални добивки, освен капиталните добивки од продажба на хартии од вредност и удели издадени од инвестициски фонд;

3) доход остварен од странство;

4) доход од работа во дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави и меѓународни организации, кај претставници и службеници на такви претставништва кои имаат дипломатски имунитет за кои обврзникот сам го утврдува и уплатува данокот;

5) доход од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица надвор од продажни места на зелени пазари;

6) доход остварен од повремено или привремено вршење услуги на физички лица;

7) друг доход од членот 3 став (1) точка 11 од законот.

Аконтациите на данокот на доход за доходот се пресметуваат со примена на стапката од 10%.

При пресметување на данок по одбивка на доходот од членот 80 од законот кој го остварува физичко лице – нерезидент кој е стварен корисник на тој доход, исплатувачот на доходот ги применува одредбите од важечкиот договор за одбегнување на двојното оданочување, доколку физичкото лице го докаже статусот на даночен резидент на државата, со која Република Македонија има склучено договор.

Доколку примателот на доходот кој се оданочува со данок по одбивка е даночен резидент на странска држава со која Република Македонија има склучено договор за одбегнување на двојното оданочување, тогаш на доходот кој се оданочува **се применува даночна стапка,** која **не смее да ја надмине** висината на даночната стапка која е **пропишана за тој вид доход** согласно **со договорот**.

Даночно изземање или пониска стапка одредена во договорот со странска држава, **се применува** на доходот кој се оданочува **со данокот по одбивка,** ако исплатувачот располага со **пропишани обрасци заверени од органот за јавни приходи** и од надлежниот **даночен орган на странската држава** или **одобрение** за даночно изземање издадено од **органот за јавни приходи**.

Начинот на примена на даночно изземање или намалување, согласно со меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување, на доходот кој го остварува странско физичко лице, како и формата и содржината на обрасците ги пропишува министерот за финансии.

Органот за јавни приходи е должен да издаде одобрение или да донесе решение за одбивање на издавање одобрение по поднесените барања за даночно изземање или пониска стапка, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

Доколку исплатувачот на доходот примени одредби од договорот за одбегнување на двојното оданочување, а не се исполнети условите од членовите 81 и 82 од законот и поради тоа е платен помал износ на данок, исплатувачот на доходот е должен да ја надомести разликата меѓу платениот данок и должуваниот износ на данок согласно со одредбите од законот.

Органот за јавни приходи по барање на нерезидентот е должен да издаде потврда за платениот данок во Република Македонија.

Аконтација на данокот на доходот од членот 80 од законот пресметува исплатувачот за секој обврзник и за секој поединечно исплатен доход.

Аконтацијата на данокот на доходот од членот 80 од законот се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена на стапката од 10%, освен за игрите на среќа и наградните игри од 15%.

Обврзникот - нерезидент поднесува пресметка за секој доход што го остварува, а за кој не е предвидено плаќање данок на доход по одбивка.

Начинот на пресметка и уплата на аконтациите на данокот на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за доход и данок ги пропишува министерот за финансии.

### *4. ИЗЗЕМАЊЕ ОД ДЛД ЗА НЕРЕЗИДЕНТИ*

Со Правилникот за начинот на примена на даночното иземање или намалување, согласно меѓународните договори ("Службен весник на РМ" 271/19), се пропишува начинот на примена на даночно изземање или намалување.

Согласно со меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување на доходот кој го остварува странско физичко лице е пропишана постапката за изземање од оданочување и нерезидентни физички лица.

Со Правилникот е пропишана и формата и содржината на обрасците за остварување на правото на изземање, односно намалување.

Барањето за изземање од данок на доход во согласност со договорите за одбегнување на двојното оданочување се поднесува на образецот "Б-ИДД", изготвен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Барањето за намалување односно изземање од данок на доход по видови на доход, во согласност со договорите за одбегнување на двојното оданочување се поднесува на образецот "Б-ИДД/ВД", изготвен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Во случаите кога при исплатата на доходот не се плаќа данок по одбивка, во согласност со одредбите на договорите за одбегнување на двојното оданочување, се поднесува барањето "Б- ИДД" заедно со потврда за резидентен статус од надлежниот даночен орган во странство.

Пред исплатата образецот "Б-ИДД" се заверува од страна на Управата за јавни доходи со што се одобрува изземање согласно меѓународните договори за одбегнување на двојното оданочување.

Образецот "Б-ИДД/ВП", треба да биде заверен од надлежниот даночен орган во странство и се поднесува пред секоја исплата. Доколку се работи за зачестени исплати по ист основ, заверениот образец "Б-ИДД/ВП" или образецот "Б-ИДД" со потврда за резидентен статус, се поднесува пред почетокот на првата исплата.

Образецот "Б-ИДД/ВП" се состои од четири истоветни примероци и тоа: првиот примерок за подносителот на барањето; вториот примерок за надлежниот даночен орган во странство; третиот примерок за исплатувачот и четвртиот примерок за Управата за јавни доходи.

Образецот "Б-ИДД/ВП" подносителот на барањето - нерезидент, го заверува кај надлежниот даночен орган на државата чиј резидент е. Еден примерок од образецот е наменет за надлежниот даночен орган во странство, а останатите три заверени примероци со целосно пополнети податоци, подносителот на барањето ги доставува до домашниот исплатувач. Домашниот исплатувач пред исплата на доходот, трите примероци од образецот ги доставува до Управата за јавни доходи. Управата за јавни доходи го заверува поднесеното барање, задржува еден примерок за свои потреби, а останатите два примероци ги враќа на исплатувачот. Исплатувачот на доходот еден примерок задржува за свои потреби, а другиот примерок го доставува до подносителот на барањето.

Доколку во времето на исплатата на доходот на странското физичко лице, домашниот исплатувач располага со заверен примерок од образецот "Б-ИДД/ВП" или одобрение за даночно изземање, даночното изземање ќе се реализира согласно одредбите од договорот за одбегнување на двојното оданочување.

За остварување на правото на изземање на данок на капитални добивки се поднесува потврда за резидентен статус која е заверена од надлежниот даночен орган во странство.

Во случаите кога е наплатен данок на доходот кој согласно договорите за одбегнување на двојното оданочување е изземен или во однос на истиот се применува пониска даночна стапка странското физичко лице до Управата за јавни доходи може да поднесе барање за враќање на повеќе платениот данок во однос на данокот кој требало да биде платен.

Барањето за враќање на повеќе платениот данок по видови на доход се поднесува на образецот “Б-ВД/ВД“ изготвен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Барањето за враќање на повеќе платениот данок од капитални добивки се поднесува на образецот “Б-ВД/КД“ изготвен на хартија во бела боја во А-4 формат.

## Барање за изземање од данок на доход / Request for exemption from income tax

**Б-ИДД**

*Пополнува УЈП / Filled by the PRO

| Датум и број на прием / Date and number of admission | |
|---|---|

Исправка / Correction ☐ Бр. / No. ____

### ПОДАТОЦИ ЗА ИСПЛАТУВАЧОТ НА ДОХОДОТ / INFORMATION FOR THE PAYER OF THE INCOME

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив и правна форма / Name and legal form | | | |
| Седиште / Headquarters | | Тел. / Phone | |
| ЕДБ / TIN | | | |

### ПОДАТОЦИ ЗА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОХОДОТ / INFORMATION FOR THE RECIPIENT OF THE INCOME

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме / Name and surname | | Дата на раѓање / Date of birth | |
| Адреса на живеалиште или престојувалиште / Address of permanent or temporary residence | | Тел. / Phone | |
| Резидентна држава на примателот / Country of residence of the recipient | | | |
| ЕДБ во резидентната држава / TIN in the country of residence | | | |
| ЕДБ во Република Северна Македонија / TIN in Republic of North Macedonia | | | |

### ПОДАТОЦИ ЗА ДОХОДОТ / INFORMATION FOR THE INCOME

Вид на доход согласно член ___ став ___ од Договор за одбегнување на двојно оданочување / Type of income according to Article ___ Paragraph ___ of the Double taxation agreement

- ☐ Лични примања од работен однос / Income from employment
- ☐ Камата / Income from Interest
- ☐ Пензија / Pension
- ☐ Авторски права / Royalties
- ☐ Дивиденди / Dividends
- ☐ Надоместоци на директори / Directors' fees
- ☐ Други приходи / Other Income ____

| | |
|---|---|
| Опис на доходот / Description of the income | |
| Износ на доход / Amount of income | |
| Датум на плаќање / Date of payment | |

Динамика на исплата / Payment frequency ☐ Еднократна исплата / One-time payment ☐ Зачестени исплати / Frequent payments

### ИЗЈАВА НА ИСПЛАТУВАЧОТ НА ДОХОДОТ / STATEMENT BY THE PAYER OF THE INCOME

Под кривична и материјална одговорност изјавувам / Under criminal and material responsibility I declare

- ☐ Примателот на доходот е стварен корисник на доходот / The recipient of the income is the beneficiary owner of the income
- ☐ Податоците се вистинити, точни и потполни / The data are accurate, correct and complete

| Датум / Date | | Место / Place | | Потпис на управител или полномошник/ Signature of manager or authorized person | |
|---|---|---|---|---|---|

1/3

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО ИЛИ ПОЛНОМОШНИКОТ /**
**DATA ON THE SUBMITTER OF THE REQUEST OR AUTHORIZED PERSON**

☐ Прилог овластување / Attached authorisation

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме / Name and surname | | | |
| Адреса / Address | | Тел. / Phone | |

**ПРИЛОЗИ / ATTACHMENTS**

* На барање на УЈП потребно е да се поднесат и други докази за правата и погодностите согласно Договорот /
Other evidence for the rights and benefits according to the Agreement should be submitted upon PRO request

**ОДОБРЕНИЕ ЗА ДАНОЧНО ИЗЗЕМАЊЕ / APPROVAL FOR TAX EXEMPTION**

** Пополнува УЈП / Filled by PRO*

☐ Управата за јавни приходи го разгледа Барањето и прилозите кон него, изврши увид во доказите и евиденциите со кои располага и го одобри Барањето за даночно изземање согласно Договор за одбегнување на двојно оданочување помеѓу Република Македонија / Република Северна Македонија и
______________________________________
бр. ________________ од ________________

The Public Revenue Office has reviewed the request and its attachments, conducted an insight to the evidence and records available and approved the Request for tax exemption pursuant to Double taxation agreement between the Republic of Macedonia / Republic of North Macedonia and
______________________________No. ______
______________ from ________________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Датум / Date | | Место / Place | | Потпис и печат / Signature and Stamp | |

2/3

**Барање за намалување односно изземање од данок на доход по видови на доход / Request for deduction or exemption from income tax by type of income**

**Б-ИДД/ВД**

*Пополнува УЈП / Filled by the PRO

Датум и број на прием / Date and number of admission: ______

Исправка / Correction ☐ Бр. / No. ______

## ПОДАТОЦИ ЗА ИСПЛАТУВАЧОТ НА ДОХОДОТ / INFORMATION FOR THE PAYER OF THE INCOME

Назив и правна форма / Name and legal form: ______

Седиште / Headquarters: ______ Тел. / Phone: ______

ЕДБ / TIN: ______

## ПОДАТОЦИ ЗА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОХОДОТ / INFORMATION FOR THE RECIPIENT OF THE INCOME

Име и презиме / Name and surname: ______ Датa на раѓање / Date of birth: ______

Адреса на живеалиште или престојувалиште / Address of permanent or temporary residence: ______ Тел. / Phone: ______

Резидентна држава на примателот / Country of residence of the recipient: ______

ЕДБ во резидентната држава / TIN in the country of residence: ______

ЕДБ во Република Северна Македонија / TIN in Republic of North Macedonia: ______

## ПОДАТОЦИ ЗА ДОХОДОТ / INFORMATION FOR THE INCOME

Вид на доход согласно член ___ став ___ од Договор за одбегнување на двојно оданочување / Type of income according to Article ___ Paragraph ___ of the Double taxation agreement

☐ Лични примања од работен однос / Income from employment
☐ Камата / Income from Interest
☐ Пензија / Pension
☐ Авторски права / Royalties
☐ Дивиденди / Dividends
☐ Надоместоци на директори / Directors' fees
☐ Други приходи / Other Income ______

Опис на доходот / Description of the income: ______

Износ на доход / Amount of income: ______

Датум на плаќање / Date of payment: ______

Динамика на исплата / Payment frequency: ☐ Еднократна исплата / One-time payment ☐ Зачестени исплати / Frequent payments

## ИЗЈАВА НА ИСПЛАТУВАЧОТ НА ДОХОДОТ / STATEMENT BY THE PAYER OF THE INCOME

Под кривична и материјална одговорност изјавувам / Under criminal and material responsibility I declare

☐ Примателот на доходот е стварен корисник на доходот / The recipient of the income is the beneficiary owner of the income

☐ Податоците се вистинити, точни и потполни / The data are accurate, correct and complete

Датум / Date: ______ Место / Place: ______ Потпис на управител или полномошник / Signature of manager or authorized person: ______

1/3

**ПОТВРДА НА ДАНОЧНИОТ ОРГАН ВО РЕЗИДЕНТНАТА ДРЖАВА НА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОХОДОТ / CONFIRMATION BY THE TAX AUTHORITY IN THE COUNTRY OF RESIDENCE OF THE RECIPIENT OF THE INCOME**

☐ Потврдуваме дека физичкото лице - примателот на доходот наведено во ова Барање, е резидент на ______________________ во смисла на член _____ став _______ од Договорот за одбегнување на двојно оданочување помеѓу Република Македонија / Република Северна Македонија и ______________________

We confirm that the natural person - the recipient of the income stated in this Request, is resident of ______________________ in sense of Article _____ Paragraph _____ of the Double taxation agreement between Republic of Macedonia / Republic of North Macedonia and ______________________

| Датум / Date | | Место / Place | | Потпис и печат / Signature and stamp | |
|---|---|---|---|---|---|

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО ИЛИ ПОЛНОМОШНИКОТ / DATA ON THE SUBMITTER OF THE REQUEST OR AUTHORIZED PERSON**

☐ Прилог овластување / Attached authorisation

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме / Name and surname | | | |
| Адреса / Address | | Тел. / Phone | |

**ПРИЛОЗИ / ATTACHMENTS**

* На барање на УЈП потребно е да се поднесат и други докази за правата и погодностите согласно Договорот / Other evidence for the rights and benefits according to the Agreement should be submitted upon PRO request

**ОДОБРЕНИЕ ЗА ДАНОЧНО НАМАЛУВАЊЕ ИЛИ ИЗЗЕМАЊЕ / APPROVAL FOR TAX DEDUCTION OR EXEMPTION**

*Пополнува УЈП / Filled by PRO*

☐ Управата за јавни приходи потврдува дека барањето е во согласност со член _____ став _____ од Договорот за одбегнување на двојно оданочување помеѓу Република Македонија / Република Северна Македонија и ______________________

The Public Revenue Office confirms that the request is according to Article _____ Paragraph _____ of the Double taxation agreement between Republic of Macedonia / Republic of North Macedonia and ______________________

☐ __ % Стапка од договорот / Rate as per the agreement

☐ Изземање / Exemption

| Датум / Date | | Место / Place | | Потпис и печат / Signature and Stamp | |
|---|---|---|---|---|---|

2/3

**Барање за враќање на данок од доход од капитални добивки / Request for refund of income tax from capital gains**

**Б-ВД/КД**

**Пополнува УЈП / Filled by the PRO*

| Датум и број на прием / Date and number of admission | |
|---|---|

Исправка / Correction ☐ Бр. / No. ____

## ПОДАТОЦИ ЗА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОХОДОТ / INFORMATION FOR THE RECIPIENT OF THE INCOME

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме / Name and surname | | Дата на раѓање / Date of birth | |
| Адреса на живеалиште или престојувалиште / Address of permanent or temporary residence | | Тел. / Phone | |
| Резидентна држава на примателот / Country of residence of the recipient | | | |
| ЕДБ во резидентната држава / TIN in the country of residence | | | |
| ЕДБ во Република Северна Македонија / TIN in Republic of North Macedonia | | | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ДОХОДОТ / INFORMATION FOR THE INCOME

Капитални добивки / Capital Gains ☐ Хартии од вредност / Securities ☐ Учество во капитал / Participation in equity ☐ Недвижен имот / Immovable property

| | | | |
|---|---|---|---|
| Опис на доходот / Description of the income | | | |
| Датум на плаќање / Date of payment | | Износ на платен данок / Amount of paid tax | |
| Износ на доход / Amount of income | | Број на е-ППД / Number of e-CIT | |
| Износ на данок според договорот / Amount of tax according to the agreement | | Износ на данок за враќање / Amount of tax for refund | |

## ИЗЈАВА НА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОХОДОТ / STATEMENT BY THE RECIPIENT OF THE INCOME

Под кривична и материјална одговорност изјавувам / Under criminal and material responsibility I declare

☐ Податоците се вистинити, точни и потполни / The data are accurate, correct and complete

| Датум / Date | | Место / Place | | Потпис на примателот на доходот/ Signature of the recipient of the income | |
|---|---|---|---|---|---|

## ПОТВРДА НА ДАНОЧНИОТ ОРГАН ВО РЕЗИДЕНТНАТА ДРЖАВА НА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОХОДОТ / CONFIRMATION BY THE TAX AUTHORITY IN THE COUNTRY OF RESIDENCE OF THE RECIPIENT OF THE INCOME

☐ Потврдуваме дека физичкото лице - примателот на доходот наведено во ова Барање, е резидент на ______ во смисла на член ____ став ______ од Договорот за одбегнување на двојно оданочување помеѓу Република Македонија / Република Северна Македонија и ______

We confirm that the natural person - the recipient of the income stated in this Request, is resident of ______ in sense of Article ____ Paragraph ____ of the Double taxation agreement between Republic of Macedonia / Republic of North Macedonia and ______

| Датум / Date | | Место / Place | | Потпис и печат / Signature and stamp | |
|---|---|---|---|---|---|

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО ИЛИ ПОЛНОМОШНИКОТ / DATA ON THE SUBMITTER OF THE REQUEST OR AUTHORIZED PERSON

☐ Прилог овластување / Attached authorisation

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме / Name and surname | | | |
| Адреса / Address | | Тел. / Phone | |

1/3

### ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАРСКА СМЕТКА ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ/ INFORMATION FOR BANK ACCOUNT FOR TAX REFUND

| | |
|---|---|
| Сметка број / Account number | |
| Депонент банка / Depositary Bank | |

### ПРИЛОЗИ / ATTACHMENTS

* На барање на УЈП потребно е да се поднесат и други докази за правата и погодностите согласно Договорот /
Other evidence for the rights and benefits according to the Agreement should be submitted upon PRO request

### ПОТВРДА ОД УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ/ CONFIRMATION BY PUBLIC REVENUE OFFICE

* Подолнува УЈП / Filled by PRO

☐ Управата за јавни приходи потврдува дека барањето е во согласност со член ______ став ______ од Договорот за одбегнување на двојно оданочување помеѓу Република Македонија / Република Северна Македонија и ____________________ ____________________

The Public Revenue Office confirms that the request is according to Article ______ Paragraph ______ of the Double taxation agreement between Republic of Macedonia / Republic of North Macedonia and ____________________ ____________________

| Датум / Date | | Место / Place | | Потпис и печат / Signature and Stamp | |
|---|---|---|---|---|---|

## Барање за враќање на данок од доход по видови на доход/ Request for refund of income tax from other type of income

**Б-ВД/ВД**

*Пополнува УЈП / Filled by the PRO

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием / Date and number of admission | |

Исправка / Correction ☐ Бр. / No. ______

### ПОДАТОЦИ ЗА ИСПЛАТУВАЧОТ НА ДОХОДОТ / INFORMATION FOR THE PAYER OF THE INCOME

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив и правна форма / Name and legal form | | | |
| Седиште / Headquarters | | Тел. / Phone | |
| ЕДБ / TIN | | | |

### ПОДАТОЦИ ЗА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОХОДОТ / INFORMATION FOR THE RECIPIENT OF THE INCOME

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме / Name and surname | | Дата на раѓање / Date of birth | |
| Адреса на живеалиштето или престојувалиштето / Address of permanent or temporary residence | | Тел. / Phone | |
| Резидентна држава на примателот / Country of residence of the recipient | | | |
| ЕДБ во резидентната држава / TIN in the country of residence | | | |
| ЕДБ во Република Северна Македонија / TIN in Republic of North Macedonia | | | |

### ПОДАТОЦИ ЗА ДОХОДОТ / INFORMATION FOR THE INCOME

Вид на доход согласно член ___ став ___ од Договор за одбегнување на двојно оданочување /
Type of income according to Article ___ Paragraph ___ of the Double taxation agreement

- ☐ Лични примања од работен однос / Income from employment
- ☐ Камата / Income from Interest
- ☐ Пензија / Pension
- ☐ Авторски права / Royalties
- ☐ Дивиденди / Dividends
- ☐ Надоместоци на директори / Directors' fees
- ☐ Други приходи / Other Income ______

| | | | |
|---|---|---|---|
| Опис на доходот / Description of the income | | | |
| Износ на доход / Amount of income | | Износ на платен данок / Amount of paid tax | |
| Датум на плаќање / Date of payment | | Број на е-ППД / Number of e-CIT | |
| Износ на данок според договорот / Amount of tax according to the agreement | | Износ на данок за враќање / Amount of tax for refund | |

### ИЗЈАВА НА ИСПЛАТУВАЧОТ НА ДОХОДОТ / STATEMENT BY THE PAYER OF THE INCOME

Под кривична и материјална одговорност изјавувам / Under criminal and material responsibility I declare

- ☐ Примателот на доходот е стварен корисник на доходот / The recipient of the income is the beneficiary owner of the income
- ☐ Податоците се вистинити, точни и потполни / The data are accurate, correct and complete

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Датум / Date | | Место / Place | | Потпис на управител или полномошник/ Signature of manager or authorized person | |

1/3

**ПОТВРДА НА ДАНОЧНИОТ ОРГАН ВО РЕЗИДЕНТНАТА ДРЖАВА НА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОХОДОТ / CONFIRMATION BY THE TAX AUTHORITY IN THE COUNTRY OF RESIDENCE OF THE RECIPIENT OF THE INCOME**

☐ Потврдуваме дека физичкото лице - приматолот на доходот наведено во ова Барање, е резидент на ______ во смисла на член ____ став ______ од Договорот за одбегнување на двојно оданочување помеѓу Република Македонија / Република Северна Македонија и ______

We confirm that the natural person - the recipient of the income stated in this Request, is resident of ______ in sense of Article ____ Paragraph ____ of the Double taxation agreement between Republic of Macedonia / Republic of North Macedonia and ______

| Датум / Date | | Место / Place | | Потпис и печат / Signature and stamp | |
|---|---|---|---|---|---|

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО ИЛИ ПОЛНОМОШНИКОТ / DATA ON THE SUBMITTER OF THE REQUEST OR AUTHORIZED PERSON**

☐ Прилог овластување / Attached authorisation

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме / Name and surname | | | |
| Адреса / Address | | Тел. / Phone | |

**ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАРСКА СМЕТКА ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ/ INFORMATION FOR BANK ACCOUNT FOR TAX REFUND**

| | |
|---|---|
| Сметка број / Account number | |
| Депонент банка / Depositary Bank | |

**ПРИЛОЗИ / ATTACHMENTS**

* На барање на УЈП потребно е да се поднесат и други докази за правата и погодностите согласно Договорот / Other evidence for the rights and benefits according to the Agreement should be submitted upon PRO request

**ПОТВРДА ОД УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ/ CONFIRMATION BY PUBLIC REVENUE OFFICE** ** Пополн. УЈП / Filled by PRO*

☐ Управата за јавни приходи потврдува дека барањето е во согласност со член ____ став ____ од Договорот за одбегнување на двојно оданочување помеѓу Република Македонија / Република Северна Македонија и ______

The Public Revenue Office confirms that the request is according to Article ____ Paragraph ____ of the Double taxation agreement between Republic of Macedonia / Republic of North Macedonia and ______

| Датум / Date | | Место / Place | | Потпис и печат / Signature and Stamp | |
|---|---|---|---|---|---|

**БАРАЊЕ** за издавање на потврда за даночен резидент
***REQUEST** for issuance of certificate of Tax Resident*

**Б-ПДР**

*Пополнува Управа за јавни приходи / Filled by the Public Revenue Office*

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием *Date and number of admission* | |

- [ ] Домашно физичко лице *Domestic individual*
- [ ] Странско физичко лице *Foreign individual*

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ - БАРАТЕЛ / *DATA FOR THE INDIVIDUAL – APPLICANT*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЕМБГ / ЕДБ *UPIN / TIN* | | | | |
| Име и презиме *Name and surname* | | | | |
| Адреса на живеење / престојувалиште *Address of domicile / residence* | | | | |
| Државјанство *Nationality* | | | | |
| Лична карта / патна исправа (пасош) *ID card / travel document (passport)* | Број *Number* | | Датум на издавање *Issuance date* | |
| | Орган кој је издал *Issued by* | | | |
| | *пополнува само странско физичко лице / filled in only by a foreign individual* | | | |
| Издадена дозвола за престој *Issued residence permit* | Број *Number* | | Датум на издавање *Issuance date* | |
| | Орган кој је издал *Issued by* | | | |
| Контакт *Contact* | е-Пошта *e-mail* | | Телефон *Phone* | |

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВ, ПЕРИОД И ДОХОД ЗА КОЈ СЕ ИЗДАВА ПОТВРДАТА
## *DATA ON THE BASIS, THE PERIOD AND THE REVENUE FOR WHICH THE CERTIFICATE IS ISSUED*

| | | |
|---|---|---|
| Назив на државата со која РМ / РСМ има склучено договор за одбегнување на двојно оданочување кој е во примена *Name of the country that the Republic of Macedonia / Republic of North Macedonia has signed an agreement for the avoidance of double taxation that is applied* | | |
| Година за која се бара да се издаде потврдата *Year in which is requested the certificate to be issued* | | |
| Доход кој се остварува во странство *Income(s) which are realized abroad* | Вид *Type* | |
| | Износ *Amount* | |

## 3. ПРИЛОЗИ / *ATTACHMENTS*

## 4. ИЗЈАВА НА ФИЗИЧКОТО ЛИЦЕ - БАРАТЕЛ / *STATEMENT OF THE INDIVIDUAL - APPLICANT*

- [ ] Изјавувам дека живеам / престојувам на територијата на Република Северна Македонија непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена во кој било 12 месечен период. Податоците и прилозите наведени во ова Барање се вистинити, точни и потполни и Управата за јавни приходи може да ги користи и за прибирање на податоци од други институции заради изготвување на Потврдата за даночен резидент.

*I declare that I live / reside within the territories of the Republic of North Macedonia continuously or intermittently for 183 or more days in any 12 month period. The information and attachments listed in this Request are true, accurate and complete and the Public Revenue Office can use them and/or collection of data from other institutions for the purposes of preparation of the Certificate of tax resident.*

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ / *DATA ON THE SUBMITTER*

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме *Name and surname* | | Потпис *Signature* | |
| Својство *Function* | | Датум на поднесување *Date of submitting* | |

1/2

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОТВРДА ЗА ПЛАТЕН ДАНОК ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ФИЗИЧКО ЛИЦЕ - НЕРЕЗИДЕНТ)**
*REQUEST FOR ISSUANCE OF CERTIFICATE FOR PAID TAXES IN REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA (INDIVIDUAL NON-RESIDENT)*

**Б-ППД/ФЛ**

* Пополнува Управа за јавни приходи / Filled by the Public Revenue Office

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием / *Date and number of admission* | |

Исправка / *Correction* ☐ Број / *Number* ____

## ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ – НЕРЕЗИДЕНТ (ПРИМАТЕЛ НА ДОХОД) / *INFORMATION FOR THE INDIVIDUAL NON-RESIDENT (INCOME PAYEE)*

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Даночен идентификационен број во РСМ / *Tax Identification Number in the RNM* | | | | | | |
| Даночен идентификационен број во држава на резидентност / *Tax Identification Number in the Country of Residence* | | | | | | |
| Име и презиме / *Name and surname* | | | | | | |
| Држава на резидентност / *Country of Residence* | | | | | | |
| Живеалиште во држава на резидентност / *Place of residence in the Country of Residence* | Улица и број / *Street and number* | | | | | |
| | Населено место / *City* | | Општина / *Municipality* | | | |
| Документ за доказ на идентитет / *Document proving the identity* | ☐ Лична карта / *ID card* | ☐ Патна исправа / *Travel document* | ☐ Дозвола за престој во РСМ / *Residence permit in the RNM* | ☐ Друго / *Other* | | |
| | Број / *Number* | | Издаден од / *Authority* | | | |
| | Датум на издавање / *Date of issue* | | Важи до / *Date of expiry* | | | |
| Контакт / *Contact* | е-пошта / *e-mail* | | Телефон / *Phone* | | | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ИСПЛАТУВАЧ НА ДОХОД / *INFORMATION FOR THE INCOME PAYER*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Даночен идентификационен број / *Tax Identification Number* | | | | |
| Назив / *Name* | | | | |
| Адреса / Address | Улица и број / *Street and number* | | | |
| | Населено место / *City* | | Општина / *Municipality* | |
| Контакт / *Contact* | е-пошта / *e-mail* | | Телефон / *Phone* | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВ, ДОХОД И ПЛАТЕН ДАНОК ЗА КОИ СЕ ИЗДАВА ПОТВРДАТА / *INFORMATION ON THE BASIS, INCOME AND PAID TAX FOR WHICH THE CERTIFICATE IS REQUESTED*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Период за кој се бара потврдата / *Period for which the certificate is requested* | - | | | |
| Намена заради која се бара потврдата / *Purpose for which the certificate is requested* | | | | |
| Вид на доход остварен во РСМ / *Type of income earned in the RNM* | | | | |
| Износ на остварен доход во РСМ / *Amount of earned income in the RNM* | | Денари (МКД) / *Denars (MKD)* | | валута / *currency* |
| Износ на платен данок во РСМ / *Amount of paid tax in the RNM* | | Денари (МКД) / *Denars (MKD)* | | валута / *currency* |
| Даночна стапка / *Tax Rate* | | | | |
| Датум на уплата на данокот / *Date of tax payment* | | | | |

1/3

**АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА / *ADMINISTRATIVE FEE***

Износ
*Amount* ☐

Начин на уплата
*Payment method*

☐ Преку образец "ПП50" * задолжително приложете го налогот "ПП50" за извршената уплата на административна такса
*Via PP50 form * be sure to enclose the order "PP50" for the executed payment of administrative fee*

☐ Преку системот eNAPSYS. Внесете го трансакцискиот код: ____________* за добивање на трансакциски код пратете СМС порака на бројот 144 166 со текст: TM Ime Prezime Iznos
*Via eNAPSYS system. Enter the transaction code.* to receive transaction code send SMS message to number 144 166 with text: TM Name Surname Amount*

**ПРИЛОЗИ / *APPENDIXES***

☐ Документ за доказ на идентитет на физичко лице - нерезидент
*Document proving the identity of the individual non-resident*

☐ Доказ за законски застапник или Овластување (полномошно) во име и за сметка на даночниот обврзник да се преземаат дејствија во даночната постапка
*Proof for legal representative or Authorization (power of attorney) in the name and on behalf of the taxpayer to take actions in the tax procedure*

☐ Доказ за извршено плаќање на административна такса (образец "ПП50")
*Proof of payment of administrative fee (form "PP50")*

☐ Доказ за извршено плаќање на задржаниот данок во Република Северна Македонија
*Proof of payment of the withholding tax in the Republic of North Macedonia*

☐ Доказ за извршување на дознака во странство
*Proof of remittance abroad*

☐ Фактура/и или Договор за извршени услуги од правно лице – нерезидент
*Invoice/s or Contract for services rendered by the legal entity non-resident*

☐ Друго / *Other* ______

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИК / *INFORMATION FOR SIGNATORY***

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив / Име и презиме** *Legal name / Name and surname* | | | |
| **Даночен идентификационен број** *Tax Identification Number* | | Датум *Date* | |
| **Својство** *Capacity* | | Потпис *Signature* | |
| **Контакт** *Contact* | е-пошта *e-mail* | Телефон *Phone* | |

2/3

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*дипл.економист Јулија Минковска*

## ***ЗАДРШКИ И НАМАЛУВАЊА ОД ПЛАТАТА НА РАБОТНИКОТ***

***Правото на работникот на заработувачка - плата, како и начинот на утврдување и намалување на платата, односно задржување на платата по било кој основ е регулирано согласно Законот за работни односи ("Службен весник на РСМ" 62/05...111/23, 39/25, 74/25), Законот за извршување ("Службен весник на РСМ" 72/16; 142/16; 233/18; 14/20, 154/23) и други подзаконски акти.***

***ВОВЕД***

Работникот има право на заработувачка, плата, согласно со Закон, Колективен договор и Договорот за вработување.

Плаќањето на работата, според договорот за вработување, мора секогаш да биде во парична форма.

Во Договорот за вработување, работодавачот треба да ја внесе **и висината на основната плата** на работникот, односно платата определена земајќи ги предвид барањата на работното место, за кое работникот склучил договор за вработување.

При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот.

Во секојдневното работење, работодавачот често пати се соочува со дилемата на кој начин да изврши запирање од платата на работникот **(задршка од плата)**, односно да ја намалат платата на одделен работник по некој основ (неизвршување на работни задачи и слично), при што се мешаат поимите **"задршка од плата**" и **"намалување на платата".**

## *1. ПЛАЌАЊЕ НА РАБОТАТА*

Согласно член 105 од Законот за Работни односи (***во натамошниот текст ЗРО***), работникот има право на заработувачка - плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Плаќањето на работата по договорот за вработување, мора да биде секогаш во парична форма.

При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот.

### *1.1. Исплата на плата*

Согласно член 109 од ЗРО, платата на работникот за работа со полно работно време, не може да биде пониска од минималната плата, утврдена според закон и колективен договор.

Работодавачот е должен за еднаква работа, со еднакви барања на работното место, да исплаќа еднаква плата на работниците без оглед на полот.

**Платата се исплатува за периоди, кои не смеат да бидат подолги од еден месец.**

Платата се исплатува **најдоцна 15 дена,** по изминувањето на исплатниот период.

Ако денот на исплаќањето е слободен ден, платата се исплатуваа најдоцна идниот, прв работен ден.

Работодавачот е должен претходно писмено да ги извести работниците, за денот на исплатувањето и за секоја промена на денот на исплатувањето.

Работодавачот е должен на работникот да му ја исплати платата до крајот на денот на исплаќање на вообичаеното место за исплата.

Ако платата се исплатува преку банка на сметката на работникот или на друг безготовински начин, платата мора да му биде на располагање на работникот на определениот ден за исплатување, освен ако страните поинаку не се договориле.

Работодавачот е должен да му издаде на работникот при секое исплатување на платата како и **до 31 јануари на новата календарска година,** писмена пресметка на платата, придонесите од плата и надоместоците на платата за платниот

перид, односно за изминатата година од кои, исто така, се гледаат и пресметката и плаќањето на даноците и придонесите.

**Трошоците во врска со исплатата на платата, паѓаат на товар на работодавачот.**

## *2. ЗАДРЖУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА РАБОТНИКОТ*

Согласно член 111 од ЗРО, работодавачот може да го задржи исплаќањето на платата, само во законски определените случаи.

Сите одредби на Договорот за вработување, кои определуваат други начини на задржување на исплатата, **се ништовни и немаат правно дејство.**

**Работодавачот не смее своите побарувања кон работникот**, без негова писмена согласност, **да ги порамни со својата обврска за исплата на платата**, а работникот пак не смее да даде согласност, пред настанувањето на побарувањето на работодавачот.

### *2.1. Ограничување на висината на задршка*

Ограничувањето на висината на износот кој може да се задржи од плата, е регулирано во член 117 од Законот за извршување, каде е наведено дека:

*2.1.1. Ограничување до 1/2 од плата*

- **Извршувањето врз плата и пензија**, како и врз
- **Надоместок наместо плата**, за побарување врз основа на законска издршка,
- Надоместок на штета, настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и
- **Надоместок на штета за загубена издршка,** поради смрт на давачот на издршката, може да се спроведе до износот од**:**

| |
|---|
| **1/2 (една половина)**, од платата/пензија |

*2.1.2. Ограничување до 1/3 од плата/пензија*

- Побарувања по друга основа - до износот од:

**1/3 (една третина) на платата или пензијата.**

*2.1.3. Ограничување до 1/5 од плата/пензија*

**По исклучок, за граѓаните приматели на:**

- **Плата** до висина на просечна плата во моментот на изготвување на налогот за извршување,
- **Пензија** до висина на просечната пензија,
- **Надоместок** на трошоци за сместување на лице и надоместок за згрижување на згрижувачко семејство, како и за
- **Децата** корисници на семејна пензија,

**Извршувањето се спроведува до**

**1/5 (една петина), на платата, пензијата, односно надоместокот.**

Оваа Одредба се применува и врз примањата на лица во резервниот состав на армијата и полицијата.

Извршувањата врз примањата на воени и мирно временски воени инвалиди врз основа на инвалиднина, ортопедски додаток и инвалидски додаток, може да се спроведе само за побарувања врз основа на **законска издршка**, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка, поради смрт на давачот на издршката **и тоа до износот од една половина на тоа примање**.

Извршување врз примањето врз основа на договор за доживотна издршка и доживотна рента, како и врз примањето врз основа на договор за осигурување на животот, може да се спроведе само на делот кој го надминува износот на најниската социјална помош, која се исплатува на подрачјето на кое должникот има живеалиште.

***НАПОМЕНА:** На овој начин со задршка на 1/2 односно 1/3 од платата, долгот се враќа на рати, а егзистенцијата на работникот се смета дека не е нарушена.*

### *3. ВИДОВИ НА ЗАДРШКИ ОД ПЛАТА*

Задршката на исплаќање на платата е механизам утврден со Законот за Работни односи, со кој на работникот не му се исплатува износот на неговата ефективна нето плата во целост, во точно определени случаи.

Најчесто задржување од платата на работникот, се врши по основ на:

1. **Задршка на плата преку Пребивање;**
2. **Задршка на плата преку Парична казна;**
3. **Задршка на плата преку Налог за извршување;**
4. **Задршка на плата преку Административна забрана;**

#### *3.1. Задршка на плата преку пребивање - порамнување*

Во случаи кога работникот не го плати износот што му го должи на работодавачот по разни основи, работодавачот со согласност од работникот, може да ја надомести штетата преку задршки од платата ***(одеднаш или на неколку рати, ако се работи за поголем износ)***, да изврши задршка на применият аванс ***(ако така е определено со акт на работодавачот)*** или задршка на дадениот заем или друго побарување ***(ако е тоа утврдено во договорот за заем)***, со цел да не се води евентуална судска постапка за надоместување на штетата, која ќе ги зголеми трошоците на работникот.

##### *3.1.1. Задржување на платата на работникот за надомест на штета, предизвикана на работодавачот*

Согласно член 156 од ЗРО, работникот ***кој на работа или во врска со работата,*** намерно или од тешка небрежност му предизвика штета на работодавачот е должен да ја надомести.

За утврдување на одговорноста на работникот, потребно е утврдување на висината на страна на работникот, за предизвиканата штета.

Работникот може да биде ослободен од одговорноста, само ако се работи за обично невнимание, односно невнимание од особено грижлив и внимателен човек.

Ако повеќе работници предизвикаат штета, секој меѓу нив е одговорен за оној дел на штетата што ја предизвикал.

Ако за секој работник не е можно да се утврди колкав дел од штетата предизвикал***, сите работници се еднакво одговорни и ја надоместуваат штетата во еднакви делови.***

Ако повеќе работници предизвикале штета со намерно казниво дејствие, за штетата се солидарно одговорни.

***Солидарна одговорност*** значи право на работодавачот, да бара надоместување на целокупната штета, од било кој работник, независно од степенот на неговото учество во нејзиното предизвикување.

Со надоместување на штетата од еден работник, како должник, се гаси облигацијата, но останува правото на должникот што ја исполнил обврската да бара од другите работници (должници), надомест на делот од неговата обврска.

### *3.1.2. Задржување на платата на работникот за надомест на штета предизвикана на трети лица*

Согласно член 156 став, 5 од ЗРО, ако работникот на работа или во врска со работата, намерно или од крајно невнимание, предизвика штета на трето лице, работодавачот е должен на тоа лице да му ја надомести штетата, а работникот е должен да ја надомести штетата на работодавачот (***која работодавачот ја надоместил на трето лице)***, ако штетата ја предизвикал намерно или од крајно невнимание.

Одговорноста на работодавачот за штетата што ја предизвикал работникот спрема трети лица е регулирана и согласно член 157 од ЗРО.

Согласно оваа одредба, работодавачот не е одговорен за штетата што работникот ќе му ја предизвика на трето лице, ако докаже дека работникот во дадените околности постапувал како што требало.

Во ваков случај се утврдува дали работникот постапувал според правилата на професијата, не само на работодавачот, туку и општите норми засновани на теоријата, искуството и други нормативи од соодветна област.

Доколку штетата ја сторил намерно или од крајно невнимание, работодавачот има право да бара работникот да му го надомести платениот износ***, во рок од шест месеци*** *од* денот на исплатениот надомест.

Во овој случај, се цени степенот на вината на работникот, односно постоењето свест на работникот за настанување на штетните последици и непреземањето на дејствија за нивно отстранување, што значи се согласил со нивното настанување.

Ако утврдувањето на висината на штетата би предизвикало несразмерни трошоци, ***обештетувањето може да се определи во паушален износ,*** ако случаите на штетните дејствија на работникот и висината на паушалното обештетување се определени со Колективен Договор.

Со Колективен договор за работникот, можат да се определат начинот и условите за намалување или простување од плаќањето на обештетувањето.

Ако на работникот му е предизвикана штета, при работа или во врска со работата, работодавачот е должен да му ја надомести штетата, според општите правила на одговорност за надоместок на штетата.

Одговорноста за обештетување на работодавачот се однесува, исто така и на штетата која работодавачот ја предизвикал со кршењето на правата на работникот, од работниот однос.

Со задршка на износ ***во висина на 1/3 од платата*** на работникот-должник, штетата се надоместува на рати секој месец, се до конечно надоместување на штетата од плата.

**Работниците, секој поединечно даваат изјава за согласност, да се изврши задршка на 1/3 од плата, за да ја надоместат штетата.**

Врз основа на член 111 и член 156 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ", 62/05...267/20) Управителот на Друштвото за ________________________ ДОО/ ДООЕЛ Скопје на ден _____________ 2025 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за надомест на штета**

Се утврдува штета предизвикана со тешка небрежност при работењето од страна на работници, вработени во Друштво за ________________________ ДОО/ДООЕЛ Скопје, во **висина од 185.000,00 денари.**

**Се задолжуваат работниците:**

1. ___________од______, со живеалиште на ул.___________, со ЕМБГ____________________;

2. ___________од______, со живеалиште на ул,___________, со ЕМБГ______________________;

3. ___________од______, со живеалиште на ул,___________, со ЕМБГ______________________;

4. ___________од______, со живеалиште на ул,___________, со ЕМБГ______________________.

да му ја надоместат предизвиканата штета на работодавачот и тоа секој работник одделно, **во износ од 46.250,00**.

Штетата ќе се надомести на начин што работодавачот, своето побарување од предизвиканата штета кон работниците, ќе го пребие со својата обврска за исплата на плата, односно **со задржување на износ од 1/3 од платата на работникот, пооделно, до конечната исплата на штетата.**

**Образложение:**

Согласно одредбите од член и 156 од Законот за работни односи, работниците:

________________________________ од ______________________,
________________________________ од _______________________
________________________________ од _____________________ и
________________________________ од ______________________,

со тешка небрежност при работењето му предизвикаа штета на работодавачот **во висина од 185.000,00 денари.**
***(да се опише повредата и настанот како настанала штетата и што пропуштиле работниците да направат пред да настанала штетата).***

Во Друштвото за стоките се задолжени гореспоменатите работници, па од причини што не може да се утврди кој од работниците ја предизвикал штетата, работодавачот одлучи штетата да ја надоместат сите работници на еднакви делови по **46.250,00 денари секој од нив.**

Поради наведените причини, работодавачот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

***ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение работникот има право на приговор до управителот на друштвото, во рок од 8 дена од денот на приемот на истото.***

**Скопје 05.05.2025 година**

Управител

___________________

**Доставено до:**
- Работникот;
- Архива:
- Сметководство.

**ИЗЈАВА-СОГЛАСНОСТ**

Јас, ___________ со адреса на ул. _______бр. Со ЕМБГ_______, вработен во Друштвото за _______ ДОО Скопје под полна морална одговорност, **ИЗЈАВУВАМ** дека сум согласен/на работодавачот да изврши порамнување на штетата во висина од __________ што му ја предизвикав, утврдена со Решение бр. _____ од 05.05.2025 година, и неговата обврска за исплата на плата.

Согласен сум износот од __________ денари што **претставува 1/3 од мојата плата** да биде задржан почнувајќи со исплатата на плата за месец **Мај 2025** година, па се до конечното намирување на штетата **во висина на 46.250,00 денари.**

**Работник**

______________________

*3.2. Задршка на плата преку парична казна*

Согласно член 84 од ЗРО, во зависност од степенот на одговорноста на работникот, условите под кои е направена повредата на работните обврски и на работниот ред и дисциплина, поранешната работа и однесување на работникот, тежината на повредата и нејзините последици, работодавачот може на работникот **да му изрече парична казна, која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење од еден до шест месеци.**

Работодавачот е должен да го наведе основот за доделување на парична казна на работникот и да ја докаже основаноста на причината која ја оправдува паричната казна, со донесување **на Одлука за изрекување на парична казна**, која задолжително се дава во писмена форма, со образложение на основот и причината за изрекување на паричната казна со Правна поука и Приговор.

Одлуката за изрекување на парична казна може да се спроведе по нејзина правосилност (***истекот на рокот за приговор, ако не е поднесен приговор или донесување на второ степена Одлука, со која се потврдува Одлуката за изрекување на парична казна).***

***НАПОМЕНА:* Изречената казна се задржува од платата на работникот, односно неговата плата се намалува за процентот кој е наведен во Одлуката, онолку месеци колку што таа е изречена, за што не е потребна согласност од работникот.**

### *3.3. Задршка на платата преку (Налог за извршување)*

Согласно член 128 од Законот за извршување, наведени се посебни одредби за извршување врз плата, во ситуации кога работникот по други основи се јавува како должник на физички и правни лица.

Како други основи каде работникот се јавува како должник се сметаат долгови на работникот за неплатени сметки, должничко-доверителски односи кои имале правна завршница, а потоа и извршување преку извршител.

***НАПОМЕНА:* Задршката на плата во овие случаи неможе да биде поголема од 1/3 од ефективната плата на работникот.**

Извршителот со налогот за извршување врз плата, определува забрана на определен дел од платата и му наложува на работодавачот кој на работникот - должник му ја исплатува платата, паричниот износ за кој е наложено извршувањето да му го исплати на сметка на извршителот.

Работодавачот е должен да постапи по налогот за извршување и да започне со пренос на средствата со исплатата на наредната неисплатена плата на работникот, онака како што е определено во налогот за извршување.

**На работникот може да му се задржува најмногу до 1/2 од платата за:**

- **Законска издршка,**
- **Надоместок на штета поради нарушување на здравјето и намалување или губење на работната способност.**

Ако во текот на спроведување на извршувањето на работникот му се намали/зголеми платата, извршувањето ќе се спроведува врз новиот износ на платата ***(задршката од 1/3 односно 1/2 ќе се пресметува од новиот износ на платата).***

### *3.3.1. Обврски на работодавачот*

Законот за извршување во членовите 131 до 134, го предвидува начинот на спроведување на налогот за извршување врз плата:

1. **Кога има повеќе налози за извршување;**
2. **Кога има промени во статусот на вработувањето на работникот (*работникот преминува кај друг работодавач*).**

**1) Кога кај работодавачот ќе пристигне нов налог за извршување**, а работодавачот веќе спроведува претходен налог за извршување, работодавачот е должен да го извести извршителот, **дека не може веднаш да постапува по вториот налог на извршителот**, за тоа што на истиот работник веќе врши задршка од плата, по друг налог за извршување.

Пристигнатите налози за извршување, се спроведуваат по оној редослед, **по кој пристигнале кај работодавачот**.

Ако во ист ден пристигнат повеќе налози за извршување, тие се спроведуваат **според времето на приемот**.

Кога кај работодавачот ќе пристигне **пресуда за законска издршка** и ако право на законска издршка, спрема ист должник имаат **повеќе лица**, а вкупниот износ на нивните побарувања го надминува делот од платата кој може да биде предмет на извршување и **кој изнесува 1/2 од платата на работникот,** извршувањето се спроведува во корист на секој примател на законската издршка **сразмерно на висината на нивните побарувања**.

Ова значи дека работодавачот ќе продолжи со запирање на плата од првиот налог и ќе започне со запирање на плата од новиот налог, а износите ќе бидат сразмерни за двата налога и нивниот збир **не може** да ја надмине висината на **1/2 од платата на работникот**.

Кога работодавачот веќе спроведува налог за извршување по други основи и пристигне налог за извршување по основ на законска издршка, работодавачот е должен во зависност од висината на издршката да го прекине извршувањето на првиот налог и да за почне со спроведување на налогот за законска издршка, за тоа што овој налог има првенство во спроведување.

Ако износот на законската издршка **е помал од 1/3 од платата на работникот,** прво се задржува тој износ, а со остатокот на износот **до висина од 1/3 од платата,** се спроведува првиот налог за извршување.

**Работодавачот и во двата случаи е должен да го извести извршителот:**

- **За запирање на извршувањето, или**
- **За продолжување на извршувањето во помал износ од претходниот.**

Во пракса, во налогот за извршување или во пресудата за законска издршка, веќе се наведени процентите или износите по кои работодавачот треба да постапи.

**2) Во текот на спроведувањето на извршувањето**, ако на работникот-должник му **престане работниот однос,** по било кој основ, работодавачот има обврска за ваквата промена на статусот на работникот, да го извести извршителот без одлагање.

Ако работникот преминал од еден кај друг работодавач, првиот работодавачот е должен без одлагање со препорачана пратка, да го до стави налогот за извршување до работодавачот, кај кого должникот засновал работен однос и за тоа да го извести из вршителот.

**Налогот за извршување, има дејство спрема вториот работодавач, од денот на доставување на истиот.**

*3.3.2. Одговорност за пропуштено запирање и исплата на пристигнати рати*

Работодавачот **е должен редовно** да го спроведува налогот за извршување, односно утврдениот износ на задршка на плата од налогот за извршување, да го уплатува на сметката на извршителот.

***Ако работодавачот не го спроведува редовно налогот за извршување, извршителот има можност од сметката на работодавачот да го префрли на своја посебна сметка, паричниот износ во висината на сите пропуштени рати.***

Ако заради неспроведувањето на налогот за извршување, делумно или целосно, доверителот претрпи штета, работодавачот е одговорен за таквата штета.

### *3.4. Задршка на плата преку (Административна забрана)*

Согласно Законот за извршување, забраната ставена на платата на должникот по негова согласност (***административна забрана***), има правно дејство на налог за извршување врз плата.

Административна забрана од плата служи како обезбедување или отплата на рати, кога работникот-должник подига кредит од Банка.

При подигање на кредит, работникот-должник дава согласност дека работодавачот месечно ќе му задржува од реден износ на средства, ***кој не може да биде поголем од 1/3 една третина од неговата плата***, и истите ќе ги префрла во Банката во која работникот-должник, подигнал кредит.

Сите правила и обврски што се однесуваат за спроведување на налогот за извршување се однесуваат и на административната забрана, особено кога кај работодавачот ќе пристигнат повеќе административни забрани.

**За било кој вид на задршка на плата, работодавачот мора да има соодветен документ, како што се:**

- **Решение за надомест на штета и Изјава од работникот;**
- **Решение за парична казна на работникот;**
- **Правосилно извршно решение;**
- **Изјава за Административна забрана.**

## *4. ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА НА РАБОТНИК СО ИЗРЕЧЕНА ПАРИЧНА КАЗНА*

**ПРИМЕР:** Управителот на Трговско друштво “ Хит“ има донесено Одлука за парична казна на работникот “НН” при исплата на плата за месец ***МАЈ/2025 година***, во висина од **4.484,00 денари** (**15%** од Нето платата која изнесува **29.892,00 денари**).

**Пресметката на плата, ќе биде следната:**

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **44.546,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 8.375,00 |
| 3. Придонес за задолжително здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 3.341,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 535,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 223,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **12.474,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 32.072,00 |
| 8.Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 9.Даночна основа за пресметка на данок (7 -8) | 21.802,00 |
| **10. Данок на личен доход 10% (9 x 10%)** | **2.180,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **29.892,00** |
| 12. Парична казна (29.892 x 15%) | 4.484,00 |
| **13. Ефективна НЕТО плата по задршка (11 – 12)** | **25.408,00** |

### *4.1. Пополнување на МПИН - Пријавата*

Пополнувањето на електронскиот образец МПИН се врши на вообичаен (редовен) начин, со исклучок на полето **3.31 – Ефективна нето плата,** во кое наместо Нето плата во износ **од 29.892,00 денари,** се внесува **износот од 25,408,00 денари *(Нето плата намалена за износот на паричната казна).***

| 1. **Поле – 3.0 до поле 3.4** | | **Податоци за осигуреник** |
|---|---|---|
| 2. Поле – 3.5 | Траење на стаж во денови | 31 |
| 3. Поле – 3.6 | Ефективна работа - часови | 176 |
| **4. Поле – 3.7** | **Износ на ефективна работа** | **44.546** |
| 5. Поле – 3.14 | Основица за придонеси | 44.546 |
| 6. Поле – 3.15 | Придонес за ПИОМ | 8.375 |
| 7. Поле – 3.42 | Придонес за здравство | 3.341 |
| 8. Поле – 3.42 | Придонес за допол.здравство | 223 |
| 9. Поле - 3.44 | Придонес за вработување | 535 |
| 10. Поле - 3.46 | Данок на личен доход | 2.180 |
| **11. Поле - 3.16** | **Шифра за вид на сигурување** | **0050** |

| | | |
|---|---|---|
| 12. Поле - 3.30 | Број на пријава/одјава задолж.соц. осигурување | |
| 13.Поле - 3.13 | Нето плата | 29.892 |
| **14.Поле - 3.31** | **Нето плата по задршка** | **25.408** |
| 15.Поле - 3.32 | Број на трансакциска сметка | / |

### *4.2. Насоки за задршки од плата во МПИН - пресметката*

Врз основа на наведеното, во МПИН пресметките воведена е нова контролна мерка за ефективната нето плата за исплата по вработен: **(поле 3.31 од клиентски софтвер).**

Доколку работодавачот за одреден вработен внесе нето плата за исплата, помала во однос на законски предвидените ограничувања, **се генерира предупредување (917) – Ефективната нето плата е помала од нето основицата.**

За да се корегира ова предупредување, потребно е пресметката на нето платата да се усогласува постојано, согласно законските одредби, **за задржување на нето платата по разни основи.**

Управата за јавни приходи ги информира работодавачите дека непочитувањето на законски пропишаниот максимален износ за задршка од плата, се третира како ризик и ризичните работодавачи ќе бидат контролирани согласно законите.

**Книжење:**

1457 - Останати неспомнати побарувања од вработени за изречена парична казна 4.484,00
7694 - Останати неспомнати приходи од наплатени парични казни од вработени 4.484,00

***- (по Одлука за утврдена парична казна);***

420 - Вкалкулирани плати 44.546,00
240 - Обврски за плата 44.546,00

***- (за пресметка на плата);***

| | | |
|---|---|---|
| 240 - Обврски за плата | 44.546,00 | |
| 2430 - Нето плата | | 29.892,00 |
| 2340 – Данок на личен доход | | 2.180,00 |
| 2343 - Придонес за ПИО | | 8.375,00 |
| 2344 - Придонес за здравств. осигурување | | 3.341,00 |
| 23441 - Дополнителен придонес за здравствено сигурување | | 223,00 |
| 2345 - Придонес за вработување | | 535,00 |

***- (за пресметка на даноци и придонеси);***

| | | |
|---|---|---|
| 2430 - Нето плата | 29.892,00 | |
| 2340 – Данок на личен доход | 2.180,00 | |
| 2343 - Придонес за ПИО | 8.375,00 | |
| 2344 - Придонес за здравствено осигурув. | 3.341,00 | |
| 23441 – Доп. прид. за здр. осигурување | 223,00 | |
| 2345 - Придонес за вработување | 535,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 40.062,00 |
| 1457 – Останати неспомнати побарувања од вработените за изречена парична казна | | 4.484,00 |

**- (*за исплатена плата, и задршка од плата*).**

### *4.2. Донесување на Одлука за користење на задршки од плата*

Изречената парична казна да се задржи од платата на работникот по правосилноста на донесената Одлука и истата да се евидентира како приход на друштвото.

## ОДЛУКА
## за изрекување на парична казна, поради кршење на работниот ред и дисциплина

Работникот „НН", вработен на работно место Шеф на продажно одделение, подолг период неоправдано доцни на работно место, со што го прекрши работниот ред и дисципли-на, не ги почитува работниот ред и дисциплина според прави-лата пропишани од страна на работодавачот, поради што му се изрекува парична казна, во **висина од 15% од неговата последна исплатена нето плата, во траење од три месеци.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Работникот „НН” во последните три месеци, повеќе пати доцни на работа, без да го оправда своето задоцнување.

Истиот, усно беше опоменуван повеке пати, но и покрај опомените, доцнењето не работникот, продолжува трет месец по ред.

**Место, датум** **Управител**

_________________ ____________________

***Правна поука: Работникот има право на Приговор во рок од 8 дена од приемот на Одлуката, до надлежниот орган на друштвото. Поднесениот приговор го одлага извршувањето на Одлуката.***

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл.правник: Елена Јандриоска*

## ВРШЕЊЕ НА ЈАВЕН ПРЕВОЗ НА СТОКА И ПАТНИЦИ ПРИ ВНАТРЕШНА, МЕЃУДРЖАВНА И МЕЃУНАРОДНА ПЛОВИДБА

***Вршењето на јавниот превоз на стока и патници во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба добива подзаконска регулатива во форма на Правилник за превоз на стока и Правилник за превоз на патници ("Службен весник на РСМ" 110/25).***

### *ВОВЕД*

Врз основа на член 259-б став 7 од Законот за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија" 55/07 ... 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 122/21 и 224/24) е донесен нов Правилник за формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на стока и патници во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба и потребната документација, како и формата и содржината на образецот на одобрението.

Правилниците за превоз на стока и за превоз на патници во внатрешната и меѓународна пловидба стапуваат на сила од 03.06.2025 година при што се укинуваат претходно постоечките Правилници со наведениот датум.

### *1. БАРАЊЕ ЗА ЈАВЕН ПРЕВОЗ НА СТОКА ВО ВНАТРЕШНА ПЛОВИДБА*

Одобрението за вршење на јавен превоз во внатрешната пловидба се стекнува по основ на поднесено барање. Барањето за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на стока во внатрешната пловидба, се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја. Кон барањето, се приложува следната документација:

- доказ дека правното/физичко лице е запишано во ЦРМ за вршење дејност превоз на стоки во внатрешната пловидба,

- доказ за сопственост на брод, чамец или скела кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за внатрешната пловидба (сертификат за утврдена способност за пловидба на брод, чамец или скела, издадени од признато здружение за класификација односно Капетанијата на пристаништата),

- доказ дека со пловниот објект управува лице со стекнато соодветно звање пропишано со Законот за внатрешната пловидба,

- доказ дека управителот, односно одговорното лице за превоз поседува сертификат за професионална компетентност за вршење превоз на стоки во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба,

- доказ дека има добар углед (правното или физичкото лице и одговорното лице во правното лице да нема во сила правосилна судска пресуда изречена за кривично дело против имотот, стопанството и од областа на безбедноста во јавниот сообраќај на внатрешните води и за други казниви дела за кои е предвидена затворска казна подолга од шест месеци) и

- доказ дека има солидна финансиска состојба (солидна финансиска состојба се смета дека има правно или физичко лице кое ги има намирени обврските по основ на јавни давачки спрема државата во последните шест месеци).

Согласно одредбите од Правилникот доказот за поседување на пловило кое ги исполнува законските услови за пловидба, уверение за управување со пловниот објект, доказ за професионалната компетентност на управителот на друштвото, доказ за добар углед и солидна финансиска состојба се основните услови за стекнување одобрение за јавен превоз во надворешната пловидба.

**Прилог 1**

До:
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

**Б А Р А Њ Е**
за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на стока во внатрешната пловидба

__________________________________________________________
(назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице подносител на барањето)

__________________________________________________________
(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице подносител на барањето)

Барам да ми се издаде одобрение за вршење на јавен превоз на стока во знатрешната пловидба со

__________________________________________________________
(назначување на рег. бр. и името на пловниот објект со кој се бара вршење на превозот)

на релација _____________________________________________
(назначување на релацијата на пловидба и подрачјето на пловидба)

**Број** __________________
**Датум** __________________

Податоци за контакт:
Тел: ____________________
Електронска пошта: ______________________

Подносител на барањето

______________________

Одобрението за вршење на јавен превоз на стока во внатрешната пловидба, се издава на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

**Прилог 3**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Број:________________________

Датум:______________________

**ОДОБРЕНИЕ**

за вршење на јавен превоз на стока во внатрешната пловидба

На ________________________________________________________________

(назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице на кое се издава одобрението)

__________________________________________________________________

(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице на кое се издава одобрението)

Му се издава одобрение за вршење на јавен превоз на стока во внатрешната пловидба со:

- М/Б ______________________________, запишан во Главната книга на регистарот на бродови, влошка ______, на страна ___________________, што го води Министерството за транспорт – Капетанија на пристаништата – Охрид.

- пловен објект _____________________, со рег.бр. __________,
  (тип на пловен објект)

запишан во регистарот на чамци, книга ______, на страна _____, под број ___________, што го води Министерството за транспорт – Капетанија на пристаништата – Охрид.

М.П. ________________________________

(потпис на овластено лице)

## 2. ОДОБРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВЕН ПРЕВОЗ ДО МЕЃУДРЖАВНА/МЕЃУНАРОДНА ПЛОВИДБА

Одобрението се стекнува врз основа на поднесено Барање за издавање на наведеното одобрение.

Барањето за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба, се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Кон барањето, се приложува следната документација:

- доказ дека правното/физичкото лице е запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија за вршење дејност превоз на стоки во внатрешната пловидба,

- доказ за сопственост на брод, чамец или скела кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за внатрешната пловидба (сертификат за утврдена способност за пловидба на брод, чамец или скела, издадени од признато здружение за класификација односно Капетанијата
на пристаништата),

- доказ дека со пловниот објект управува лице со стекнато соодветно звање пропишано со Законот за внатрешната пловидба,

- доказ дека управителот, односно одговорното лице за превоз поседува сертификат за професионална компетентност за вршење превоз на стоки во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба,

- доказ дека има добар углед (правното или физичкото лице и одговорното лице во правното лице да нема во сила правосилна судска пресуда изречена за кривично дело против имотот, стопанството и од областа на безбедноста во јавниот сообраќај на внатрешните води и за други казниви дела за кои е предвидена затворска казна подолга од шест месеци) и

- доказ дека има солидна финансиска состојба (солидна финансиска состојба се смета дека има правно или физичко лице кое ги има намирени обврските по основ на јавни давачки спрема државата во последните шест месеци).

**Прилог 2**

**До:**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

**Б А Р А Њ Е**

за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба

___________________________________________________________

___ (назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице подносител на барањето)

___________________________________________________________

(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице подносител на барањето)

Барам да ми се издаде одобрение за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба со

___________________________________________________________

(назначување на рег. бр. и името на пловниот објект со кој се бара вршење на превозот)

на релација

___________________________________________________________

(назначување на релацијата на пловидба и подрачјето на пловидба)

**Број** ________________________

**Датум** ________________________

Податоци за контакт:

Тел:________________________

Електронска пошта:________________________

Подносител на барањето

________________________

Одобрението за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба, се издава на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

**Прилог 4**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

**Број:**_______________________

**Датум:**_____________________

**ОДОБРЕНИЕ**

за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба

На ___________________________________________________________________
(назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице на кое се издава одобрението)

______________________________________________________________________
(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице на кое се издава одобрението)

Му се издава одобрение за вршење на јавен превоз на стока во меѓудржавната/меѓународната пловидба со:

- М/Б ______________________________, запишан во Главната книга

на регистарот на бродови, влошка _____, на страна _________________, што го води Министерството за транспорт – Капетанија на пристаништата – Охрид.

- пловен објект ____________________, со рег.бр. __________

(тип на пловен објект)

запишан во регистарот на чамци, книга _____, на страна ____, под број __________, што го води Министерството за транспорт – Капетанија на пристаништата – Охрид.

М.П. ________________________
(потпис на овластено лице)

### *3. ЈАВЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ПО ВНАТРЕШНИТЕ ПЛОВНИ ПАТИШТА ВО ВНАТРЕШНАТА, МЕЃУДРЖАВНАТА И МЕЃУНАРОДНАТА ПЛОВИДБА*

Одобрението за вршење на јавен превоз на патници во внатрешните пловни патишта во внатрешната пловидба се издава врз основа на поднесување Барање за издавање на одобрението.

Барањето за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во внатрешната пловидба, се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

**Прилог** 1

До:
Општина _______________________
(назив на општината)

**Б А Р А Њ Е**
за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во внатрешната пловидба

_______________________________________________
(назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице подносител на барањето)

_______________________________________________
(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице подносител на барањето)

Барам да ми се издаде одобрение за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во внатрешната пловидба со

_______________________________________________
(назначување на рег. бр. и името на пловниот објект со кој се бара вршење на превозот)

на релација _______________________________________
(назначување на релацијата на пловидба и подрачјето на пловидба)

**Број** ___________________
**Датум** ___________________

Податоци за контакт:
Тел: ____________________
Електронска пошта: ______________________

Подносител на барањето
_______________________

Кон барањето, се приложува следната документација:

- доказ дека правното/физичкото лице е запишано во Централниот регистар за вршење на дејност превоз на патници во внатрешната пловидба,
- доказ за сопственост на брод, чамец или скела кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за внатрешната пловидба (сертификат за утврдена способност за пловидба на брод, чамец или скела, издадени од признато здружение за класификација односно Капетанијата на пристаништата) и
- доказ дека со пловниот објект управува лице со стекнато соодветно звање пропишано со Законот за внатрешната пловидба.

Барањето за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во меѓудржавната/меѓународната пловидба, се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Доказот за регистрирана дејност на превоз на патници во внатрешната пловидба при ЦРМ, доказ за поседување на пловило кое ги исполнува законски пропишаните услови а пловење, и овластување за управување со пловило се неопходни услови за стекнување со Овластувања за вршењето на превоз во внатрешната пловидба.

**Прилог 3**

До:
Општина ______________________
(назив на општината)

Број ___________________
Датум __________________

**ОДОБРЕНИЕ**
за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во внатрешната пловидба

На ________________________________________________________________________
(назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице на кое се издава одобрението)
__________________________________________________________________________
(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице на кое се издава одобрението)

Му се издава одобрение за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во внатрешната пловидба со:

- М/Б ___________________________________, запишан во Главната книга на регистарот на бродови, влошка ______, на страна ___________________, што го води Министерството за транспорт – Капетанија на пристаништата – Охрид.

- пловен објект ______________________, со рег.бр. __________,
(тип на пловен објект)

запишан во регистарот на чамци, книга ______, на страна _____, под број ___________, што го води Министерството за транспорт – Капетанија на пристаништата – Охрид.

М.П. __________________________________
(потпис на овластено лице)

## *4. ОДОБРЕНИЕ ЗА ЈАВЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ПЛОВНИ ПАТИШТА ВО МЕЃУНАРОДНА/МЕЃУДРЖАВНА ПЛОВИДБА*

Стекнувањето на одобрение за вршењето на превоз на патници во меѓународна/меѓудржавна пловидба започнува со поднесување на Барање за издавање на одобрение.

**Прилог** 2

До:
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

**Б А Р А Њ Е**
за издавање на одобрение за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во меѓудржавната/меѓународната пловидба

____________________________________________________________

(назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице подносител на барањето)

____________________________________________________________

(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице подносител на барањето)

Барам да ми се издаде одобрение за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во меѓудржавната/меѓународната пловидба со

____________________________________________________________

(назначување на рег. бр. и името на пловниот објект со кој се бара вршење на превозот)

на релација _________________________________________________
(назначување на релацијата на пловидба и подрачјето на пловидба)

**Број** ___________________
**Датум** ___________________

Податоци за контакт:
Тел: ____________________
Електронска пошта: ______________________

Подносител на барањето

______________________

Кон барањето, се приложува следната документација:

- доказ дека правното/физичкото лице е запишано во Централниот регистар за вршење на дејност превоз на патници во внатрешната пловидба,
- доказ за сопственост на брод, чамец или скела кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за внатрешната пловидба (сертификат за утврдена способност за пловидба на брод, чамец или скела, издадени од признато здружение за класификација односно Капетанијата на пристаништата) и
- доказ дека со пловниот објект управува лице со стекнато соодветно звање пропишано со Законот за внатрешната пловидба.

Одобрението за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во внатрешната пловидба, се издава на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Одобрението за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во меѓудржавната/меѓународната пловидба, се издава на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

**Прилог 4**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

**Број:**_________________________

**Датум:**_______________________

**О Д О Б Р Е Н И Е**

за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во меѓудржавната/меѓународната пловидба

На ____________________________________________________________
(назив на правното лице или име и презиме на физичкото лице на кое се издава одобрението)

_______________________________________________________________
(седиште на правното лице или адреса на физичкото лице на кое се издава одобрението)

Му се издава одобрение за вршење на јавен превоз на патници по внатрешните пловни патишта во меѓудржавната/меѓународната пловидба со:

- М/Б ______________________________, запишан во Главната книга

на регистарот на бродови, влошка ______, на страна ________________, што го води Министерството за транспорт - Капетанија на пристаништата - Охрид.

- пловен објект ____________________, со рег.бр. __________
(тип на пловен објект)

запишан во регистарот на чамци, книга ______, на страна _____, под број __________, што го води Министерството за транспорт – Капетанија на пристаништата - Охрид.

М.П. ______________________________
(потпис на овластено лице)

# СМЕТКОВОДСТВО

*Редакциски текст*

## РАБОТНИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2025 ГОДИНА

***Потребни за изработка на финансиски извештаи за период од 01.01 до 30.06.2025 година.***

### *ВОВЕД*

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва ("Службен нвесник на РМ 19/04 ... 120/18, 290/20, 215/21, 99/22, 272/24), секој голем и среден трговец, трговците определени со закон, како и трговците кои вршат банкарски дејности, дејности на осигурување, трговците кои котираат на берза, како и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидирани финансиски извештаи на претходно наведените трговци, имаат обврска да водат сметководство во согласност со усвоените меѓународните стандарди за финансиско известување.

Другите трговци имаат обврска да водат сметководство во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти.

Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти, се ажурираат на годишна основа за да бидат усогласени со тековните стандарди, така како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди.

Одредбите од ЗТД во однос на водењето на сметководството, класифицирањето на трговците, трговските книги, годишните сметки и финансиските извештаи, соодветно се при-

менуваат и на правните лица со седиште во РС Македонија што вршат дејност одредена со Националната класификација на дејностите, кои не се сметаат за трговци во согласност со законот и со други прописи, ако со друг закон поинаку не е определено.

**Годишните Финансиски извештаи вклучуваат:**

- Извештај за финансиска состојба – ***Биланс на состојба;***
- *Извештај за севкупна добивка* ***- Биланс на успех;***
- ***Извештај за промените во главнината;***
- ***Извештај за паричните текови;***
- ***Применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки,*** подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Трговецот покрај тоа што составува годишна сметка за една календарска година, составува годишна сметка и финансиски извештај **и во покус период од наведениот, во случај на статусни промени (*присоединување, спојување, поделба*), ликвидација, стечај и во други случаи, определени со закон.**

За таа цел при изработка на годишната сметка за година или за пократок период, деловните субјекти користат одредени работни податоци, кои претставуваат мерила и критериуми за утврдување на износот на средствата и изворите на средства, како и на износите на приходите и расходите.

**Во продолжение се презентирани сите неопходни податоци и информации за работењето во сметководството и изготвувањето на финансиските извештаи, кои се подготвени и објавени од страна на надлежните институции.**

## *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА / 2025 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за ***2025*** година, изнесува:

| ***63.154,00 денари.*** |
|---|

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ–ЈУНИ 2025 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08... 171/17; 35/18; 247/18, 251/22,3/25), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2025* година, изнесува:**

| ***31.577,00 денари (63.154,00 x 50%).*** |
|---|

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)***

| ***31.577,00 денари;*** |
|---|

**САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА**
***вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители)***

| ***63.154,00 денари;*** |
|---|

**САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА**
***вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:***

| ***31.577,00 денари.*** |
|---|

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ***НАЈВИСОКА месечна основица за пресметување и уплата*** на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2025 година***, изнесува:

| ***1.010.464,00 денари (16 х 63.154,00 денари).*** |
|---|

### *3.2. Највисока основица за самовработени лица*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

| ***757.848,00 денари (12 х 63.154,00 денари).*** |
|---|

### *3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор

во трговско друштво, односно управител во трговско друш-во, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2025 година**, изнесува:

| |
|---|
| ***1.010.464,00 денари (16 х 63.154,00 денари).*** |

### *3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност*

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***износува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија, објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

| |
|---|
| ***50.523,00 денари (63.154,00 денари х 80%).*** |

| |
|---|
| ***На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, само на разли-ката над највисоката основица, се пресметува Данок на доход.*** |

## *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Година/Период | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 - 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 - 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 - 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | **01.03.2022 – 28.02.2023** | **18.000,00** | **26.422,00** | **41/2022 Закон** |
| ***5.*** | ***01.03.2023 – 28.02.2024*** | ***20.175,00*** | ***29.739,00*** | ***558/2023 Објава*** |
| ***6.*** | ***01.03.2024 – 28.02.2025*** | ***22.567,00*** | ***33.352,00*** | ***68/2024 Објава*** |
| ***7.*** | ***01.03.2025 – 28.02.2026*** | ***24.379,00*** | ***36.037,00*** | ***12/2025 Објава*** |

## *II НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ ОД ПЛАТА ПРИВАТЕН СЕКТОР*

## *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА ПО РАБОТНИК ВО РС МАКЕДОНИЈА ЗА ТРИ МЕСЕЦИ*

| ***ЗА ПРЕТХОДНИ ТРИ МЕСЕЦИ*** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Период*** | ***Просечна исплатена месечна нето плата*** | ***Соопштение на ДЗС*** | |
| | | ***Број*** | ***Дата*** |
| **ЈАНУАРИ/23(IX-X-XI)/22** | 41.907,00 | 4.1.25.07 | 21.01.2025 |
| **ФЕВРУАРИ/23 (X-XI-XII)/22** | 42.569,00 | 4.1.25.16 | 21.02.2025 |
| **МАРТ/23 (XI-XII-I)/22** | 42.874,00 | 4.1.25.27 | 21.03.2025 |
| **АПРИЛ/23 (XII-I-II)/22** | 43.230,00 | 23.3.1/2 | 22.04.2025 |
| **МАЈ/23 (I-II-III)/22** | 43.623,00 | 23.3.1/3 | 22.05.2025 |
| **ЈУНИ/23 (II-III-IV)/22** | 44.421,00 | 23.3.1/4 | 20.06.2025 |

### *1.1. Надоместоци на трошоци поврзани со работата*

Согласно член 35 од Општиот колективен догвор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен вес-ник на РМ" 150/12;189/13; (115/14 п.т.); 119/15; 150/16, работни-кот **има право на надомест на трошоците поврзани со ра-ботата**, утврдени со закон и колективен договор и тоа:

**ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА**

Во висина **од 8%** од основицата.
***Ослободен од Данок на личен доход до 8% од основицата.***

## ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практикантската работа кај работодавачот, ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок, кој се исплатува од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок ***се утврдува во НЕТО износ за полно работно време*** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

*** Од 42% до 74% од *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА, за практикантска работа ДО ТРИ месеци*; и**

*** Во висина на *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со Закон, за практикантска работа НАД ТРИ* месеци**, сметано **од четвртиот месец**.

***Минимална НЕТО плата 24.379,00 денари.***

**Се пресметува и плаќа:**

- ***Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

### *2.4. Надоместоци на плата за ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

***Надоместокот за практична обука на ученици и студенти, во висина до 8.000 денари месечно:***

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%, а обврската за пресметка и уплата на придонесот, паѓа на товар НА УСТАНОВАТА ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО.***

### *2.5. Надоместоци на плата за НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплатува Фондот за здравствено осигурување*

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ" 25/00...77/21; 60/23, 154/23,209/23), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2025 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2024 година **изнесува:**

***164.956,00 денари (4 x 41.239,00 денари).***

### *2.6. Надоместоци на плата за НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2025 година*

Највисокиот износ на пензија, според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2025 година, изнесува:

***82.780,00 денари.***

### *2.7. Надоместоци на плата за РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ЈУНИ/2025 година*** изнесува:

**89.526,00 денари (2 x 44.763,00 денари.**

***2.8. Надоместоци на плата за МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување (ПАУШАЛ)***

| |
|---|
| Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 25/00...199/23), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2024 година во РСМ која изнесува:*** |
| ***30.992,00 денари (50% од 61.984,00 денари).*** |
| ***ГОДИШЕН НАДОМЕСТОК ИЗНЕСУВА:*** ***371.904 (30.992 х 12)*** |

***2.9. Надоместоци на плата за МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК (ПАУШАЛ) на членови на Надзорна фунција во ДОО во сопственост на Државата и АД во ссопственоат на државата***

| |
|---|
| Согласно член 365 став 2 од Законот за Трговски друштва, ("Службен весник на РМ" 28/04...272/24), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на ***на членови на Надзорна функција во ДОО во сопственост на Државата и АД во ссопственоат на државата се исплатува*** во ***висина од ¼*** од ***Просечната НЕТО плата, исплатена во претходната 2024 година во РСМ која изнесува:*** |
| ***10.310,00 денари (1/4 од 41.239,00 денари).*** |
| ***ГОДИШЕН НАДОМЕСТОК ИЗНЕСУВА:*** ***123.720 10.310 х12)*** |

***3. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА***

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од обласста на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работпикот, се зголемува по час, најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

**Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж (МИНАТ ТРУД)**

### *3.1. Додатоци на плата за работа во недела и празници*

| ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА | ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ | ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА |
|---|---|---|
| Работа во **НЕДЕЛА** | 50% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**150% 1,5 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**200% 2 - Дневници** |
| Работа во **НЕДЕЛА/ПРАЗНИК** (чл.2 и чл.4 од ЗП) | 50% - Додаток/недела<br>50% - Додаток/празник<br>100% - Дневница<br>**200% 2 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Додаток / празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПОНЕДЕЛНИК** продолжен ден на празник во **НЕДЕЛА (чл. 2 од од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 2 од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 4 од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** |

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности **до 7 работни дена, во текот на годината** во следните случаи:
- **за склучување на брак 3 дена**
- **за склучување брак на дете 2 дена**
- **за раѓање или посвојување дете 2 дена**
- **за смрт на сопружник или дете 5 дена**
- **за смрт на родител, брат, сестра 2 дена**
- **за смрт на родител на сопружник 2 дена**
- **за смрт на дедо или баба 1 ден**
- **за полагање на стручен или друг испит за потребите на работодавачот до 3 дена**
- **за елементарните непогоди до 7 дена**

Во случај на прогласување на вонредна состојба или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди прогласени со Одлука на Владата на Република Македонија или друг надлежен Орган или Институција, работодавачот може на работникот кој работи во правните субјекти односно живее во подрачјата погодени од временските или елементарни непогоди да одобри и поголем број на слободни денови за периодот кој е опфатен согласно Одлуката за прогласување на вонредна или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди, донесена од страна на Владата на Република Македонија или друг надлежен Орган или Институција.

Во случаите од став (1), отсуството од работа се обезбедува и се користи во деновите на траењето на основа на која се остварува, без оглед на барањето на процесот на работа.

## *III. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ И ДОДАТОЦИ ОД ПЛАТА ЈАВЕН СЕКТОР*

### *1. Надоместоци на трошоци за вработени од плата за ПРАВНИ ЛИЦА ОСНОВАНИ СО ЈАВЕН КАПИТАЛ правни лица со повеќе од 49% јавен капитал За ЈАВНИ правни лица.*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(IV/2025), а се однесува за месец ЈУНИ/2025 година,*** изнесува:

| |
|---|
| ***45.452,00 денари,*** |

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 45.452,00 денари:***

| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** |
|---|
| ***27.271,00 денари***<br>**(60% од основицата )** ***(45.452,00 х 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА** |
| ***90.904,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)** ***(2 х 45.452,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 90.904,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО** |
| ***27.271,00 денари***<br>***(60% од основицата) (45.452 х 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 27.271,00 денари.*** |

***2. Надоместоци на трошоци за вработени од плата за БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ***

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2025 година ("Службен весник на РМ" 254/24), на буџетските корисници, им се исплатуваат следните надоместоци:

| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** |
|---|
| ***13.327,00 денари***<br>***(30% од просечна Месечна Нето плата,*** исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% х 44.421,00)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 13.327,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***<br>***90.904,00 денари***<br>***(двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)***<br>***(2 х 45.452,00)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 90.904,00 денари);*** |

| |
|---|
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***<br>***45.452,00 денари***<br>***(во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 45.452,00 денари);*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***<br>***Согласно член 20 став 4 од Општ колективен договор за јавен сектор "Службен весник на РСМ" 154/23, Јубилејните награди се исплаќаат за непрекината работа кај ист работодавач за најмалку 10, 20, 30 и 40 години работен стаж во висина од најмалку:***<br>***- 50% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 10 години стаж;***<br>***- 100% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 20 години стаж;***<br>***- 150% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 30 години стаж и***<br>***- 200 % од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 40 години стаж.***<br><br>***Основица за пресметување на надоместоците за трошоци поврзани со работата, претставува просечната месечна нето плата по работник во РСМ исплатена во последните 12 месеци.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА НЕ СЕ ПРОПИШАНИ.***<br><br>***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2025 година од 01.01.2025 година)*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***<br><br>***90.904,00 денари***<br><br>***(2 x 45.452,00)***<br><br>***(двократен износ од просечна Месечна Нето плата, по работник, исплатена во РМ до денот на исплата.***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 90.904,00 денари.*** |

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** <br> (***Согласно член 21 од Општ Колективен договор за за јавен сектор („Службен весник на РСМ" 154/23),*** вработениот регресот за годишен одмор за 2025 година, се исплатува во висина **од најмалку** ***30% од основицата која претставува просечна месечна нето плата по работник во РСМ исплатена во претходна година*** под услов вработениот ***да работел најмалку шест (6) месеци, во календарската година кај работодавачот и изнесува:*** <br> ***12.372,00 (во нето износ) (41.239,00 х 30%)*** |
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК*** <br> ***НЕ Е ПРОПИШАН).*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2025 година),*** |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ*** <br> ***ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** <br> Согласно член 14 од Законот за Извршување на Буџетот за 2025 година, во висина од **една просечна месечна нето плата** *(во Органот каде што е вработен).* <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ*** <br> ***(во висина на стварни направени трошоци).*** <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ*** <br> ***ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ ЗА МАЈ/2025*** <br> ***9.298,00 денари*** <br> ***(61.984,00 х 15%)*** <br> ***во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2024 година***): <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 9.298,00 денари.*** |
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2025 година изнесува:*** <br> ***81,60 денари*** |

| |
|---|
| Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***(“Службен весник на РМ” 14/2025).*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84-Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР - (за задолжително социјално осигурување) за IV/2025 година, се однесува за месец ЈУНИ/2025 година изнесува:*** ***37.088,00 денари (50% од 74.176,00)*** |

***3. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор***

Согласно член 19 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија („Службен весник на РСМ” 154/23), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 7 дена**<br>**До 15 дена**<br>**Од 15 до 21 ден** | **70% од основицата**<br>**80% од основицата**<br>**90% од основицата** |
| **за професионално заболување и повреда на работа, давање крв, бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***ОСНОВИЦА: Просечна бруто плата на работникот во последните 12 месеци. Доколку работникот во тој период не примал плата, основица за пресметка е висината на најниската основна бруто плата, исплатена на ниво на сектор, оддел или група.***

***4. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР***

Согласно член 16 од Општиот Колективен договор за ***ЈАВЕН СЕКТОР*** на РМ („Службен весник на РМ” 154/23), ***основната плата на работникот се зголемува по час, најмалку за:***

- ***Прекувремена работа...........................................35%***
- ***Работа ноќе.............................................................35%***
- ***Работа во три смени ...............................................5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 50%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во смени, работникот го остварува само за деновите кога работи во три смени организирани со периодично менување во рамките на вкупните 24 часа.

***Согласно член 17 од ОКДЈС сновната бруто плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.***

## *5. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА ЗА 2025 ГОДИНА*

### *5.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО НЕТО износ,*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **24.379,00** |
| 2. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 14.109,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **1.568,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **25.948,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (25.948 x 1,3889)** | **36.037,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 6.775,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 2.703,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 432,00 |
| 10. Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 180,00 |
| **11. Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **10.090,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (6 - 11) | 25.947,00 |
| 13. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12-13) | 15.677,00 |
| **15. Данок на доход (14 x 10%)** | **1.568,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6-11-15)** | **24.379,00** |

### *5.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО БРУТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **36.037,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 6.775,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 2.703,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 432,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 180,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **10.090,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 - 6) | 25.947,00 |
| 8. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7-18 | 15.677,00 |
| **10. Данок на доход (14 x 10%)** | **1.568,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1-6-10)** | **24.379,00** |

### *5.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **31.577,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 5.936,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 2.368,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 379,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 158,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **8.841,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 22.736,00 |
| 8. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8) | 12.466,00 |
| **10. Данок на доход (10 x 10%)** | **1.247,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **21.489,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 28.805,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 28.805,00 |

***- (вкалкулирана бруто плата),***

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 28.805,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 19.193,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 1.047,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 8.085,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси)*, ** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Обврски за нето плата | 19.193,00 | |
| 2340 – Данок од плата | 1.047,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 8.085,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 28.805,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

## *5.4. Пресметка на Плата која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА (16 x 63.154,00)** | **1.010.464,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 189.967,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 75.785,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 12.126,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 5.052,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **282.930,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 727.534,00 |
| 8. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 717.264,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **71.726,00** |
| **11. Нето плата (1 - 6 - 10)** | **655.808,00** |

## *5.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **2.000.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 282.930,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **1.717.070,00** |
| 4. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 1.706.800,00 |
| **6. Данок на личен доход** *(5 x 10%)* | **170.680,00** |
| **7. Нето плата (3 - 6)** | **1.546.390,00** |

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

***Коефициент на МДБ за месец МАЈ 2025 изнесува (1,6%)***

Врз основа на член 44 од Законот за Данок на добивка ("Службен весник на РСМ" 112/2014...151/21, 199/23), Државниот завод за статистика, го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РСМ ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2025 ГОДИНА**

| ***Р.бр.*** | ***ОПИС*** | ***ПОРАСТ*** |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативен порат на цените на мало во РСМ, за периодот ***МАЈ 2025 година,*** во однос на просечните цени на мало, ***во 2024 година, изнесува:*** | ***1,6%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок на добивка за месец ***МАЈ 2025 година,*** **изнесува**: | ***1,6%*** |

Бидејќи коефициентот на **МДБ за месец *МАЈ 2025 година,*** е **ПОЗИТИВЕН,** месечната аконтација на данокот на добивка, ќе се пресмета како ***1/12*** **од Годишниот данок утврден во Даночниот биланс за оданочување на добивката за 2024** година, од ***(АОП/56 - Пресметан данок по намалување), помножен со 1,6%.***

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2025 ГОДИНА

***Месечен коефициент за МАЈ/2025 (0,007).***
***Кумулативен коефициент од I до V 2025 (0,025).***

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***МАЈ/2025*** година, во однос на ***АПРИЛ/2025*** година. | ***0,007*** |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи ***од почетокот на годината*** до крајот на ***МАЈ/2025 година***. | ***0,032*** |
| 3. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***МАЈ/2025 година*** во однос на ***МАЈ/2024 година***.. | ***0,064*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***МАЈ/2025 година***, во однос на ***АПРИЛ/2025 година***. | ***0,002*** |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на МАЈ/2025 година.*** | ***-0,002*** |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***МАЈ/2025 година*** во од-нос на ***МАЈ/2024 година***. | ***0,016*** |
| **4.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***МАЈ/2025 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2024 година.*** | ***0,016*** |

### *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| ***Р.бр.*** | ***ОПИС*** | ***Коефициент*** |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***МАЈ/2025*** *година*, во однос на ***АПРИЛ/2025 година.*** | ***0,015*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на МАЈ/2025 година.*** | ***0,015*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***МАЈ/2025 година*** во однос на ***МАЈ/2024 година***. | ***0,033*** |
| **4.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***МАЈ/2025 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2024 година.*** | ***0,023*** |

# ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА ОД 01.02.2010 ДО 30.06.2025 година

| Период | Референт на каматна | Казнена камата правно и правно | Казнена камата правно и физичко | Објава на НБРМ | Стапка на EURIBOR | Правно и правно | Правно и физичко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+10%) | 4=(2+8%) | 5 | 6 | 7=(6+10%) | 8=(6+8%) |
| 01.02-30.06 2010 | 8,5% | 18,5% | 16,5% | 8562 30.12.2009 | 0,453% | 10,453% | 8,453% |
| 01.07-31.12 . 2010 | 5% | 15% | 13% | 4474 30.06.2010 | 0,485% | 10,485% | 8,485% |
| 01.01-30.06. 2011 | 4% | 14% | 12% | 2521 29.12.2010 | 0,782% | 10,782% | 8,782% |
| 01.07-31.12. 2011 | 4% | 14% | 12% | 5978 30.06.2011 | 1,325% | 11,325% | 9,325% |
| 01.01-30.06. 2012 | 4% | 13,75% | 12% | 9901 28.12.2011 | 1,024% | 11,024% | 9,024% |
| 01.07-31.12. 2012 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | 5631 29.06.2012 | 0,373% | 10,373% | 8,373% |
| 01.01-30.06. 2013 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | 10257 31.12.2012 | 0,109% | 10,109% | 8,109% |
| 01.07-31.12. 2013 | 3,50% | 13,50% | 11,50% | 23009 28.06.2013 | 0,123% | 10,123% | 8,123% |
| 01.01-30.06. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 40842 31.12.2013 | 0,216% | 10,216% | 8,216% |
| 01.07-31.12. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 21389 25.06.2014 | 0,099% | 10,099% | 8,099% |
| 01.01-30.06. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 40009 29.12.2014 | 0,018% | 10,018% | 8,018% |
| 01.07-31.12. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 22941 29.06.2015 | - 0,064% | 9,936% | 7,936% |
| 01.01-30.06. 2016 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 41260 29.12.2015 | - 0,205% | 9,795% | 7,795% |
| 01.07-31.12. 2016 | 4% | 14% | 12% | 21125 27.06.2016 | - 0,364% | 9,636% | 7,636% |
| 01.01-30.06. 2017 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | 38458 30.12.2016 | - 0,368% | 9,632% | 7,632% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.07-31.12. 2017 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 21905 29.06.2017 | - 0,373% | 9,627% | 7,627% |
| 01.01-30.06.2018 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | 39714 26.12.2017 | - 0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12 2018 | 3,00% | 13,00% | 11,00% | 22066 27.06.2018 | - 0,370% | 9,630% | 7,630% |
| 01.01-30.06. 2019 | 2,50% | 12,50% | 10,50% | 40459 26.12.2018 | - 0,363% | 9,637% | 7,637% |
| 01.07-31.12. 2019 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | 21235 26.06.2019 | - 0,388% | 9,612% | 7,612% |
| 01.01-30.06 2020 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | 21235 26.06.2019 | - 0,438% | 9,562% | 7,562% |
| 03.04-30.04. 2020**(вонр.сост)** | 1,75% | 6,75% | 5,75% | 11011 03.04.2020 | - 0,423% | 4,577% | 3,577% |
| 01.05. 31.05 2020(**вонр.сост.**) | 1,75% | 6,75% | 5,75% | 12262 29.04.2020 | - 0,460% | 4,540% | 3,540% |
| 01.06.30.06. 2020**(вонр.содот.)** | 1,50% | 6,50% | 5,50% | 14004 29.05.020 | - 0,482% | 4,518% | 3,518% |
| 01.07. 31.12 2020 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | 15997 30.06.2020 | - 0,510% | 9,490% | 7,490% |
| 01.01. 30.06 2021 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | 31368 24.12.2020 | - 0,554% | 9,446% | 7,446% |
| 01.07. 31.12 2021 | 1,25% | 11,25% | 9,25% | 19476 29.06.2021 | - 0,555% | 9,445% | 7,445% |
| **01.01.- 30.06 2022** | **1.25%** | **11.25%** | **9.25%** | 37790/1 28.12.2021 | **- 0.583%** | **9.417%** | **7.417%** |
| **01.07. – 31.12. 2022** | **2%** | **12%** | **10%** | 21955/1 17.06.2022 | **- 0,508%** | **9.492%** | **7.492%** |
| **01.01. – 30.06. 2023** | **4,75%** | **14,75%** | **12,75%** | **42045/1 22.12.2022** | **1,884%** | **11.884%** | **9.884%** |
| **01.07.- 31.12. 2023** | **6%** | **16%** | **14%** | **2273/1 26.07.2023** | **3,399%** | **13,399%** | **11,399%** |
| **01.01.- 30.06.2024-** | **6,30%** | **16,30%** | **14,30%** | **42628/1 28.12.2023** | **3,845%** | **13,845%** | **11,845%** |
| **01.07.- 31.12.2024-** | **6,30%** | **16,30%** | **14,30%** | **22635/1 17.06.2024** | **3,845%** | **13,845%** | **11,845%** |
| **01.01.- 31.06.2025-** | **5,55%** | **15,55%** | **13,55%** | **22635/1 28.12.2024** | **2,845%** | **12,845%** | **10,845%** |

# НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

**(за период ЈАНУАРИ - ЈУНИ/2025 година)**

| ДАТА НА ВАЖНОСТ | ЦЕНИ НА ГОРИВО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Еуро супер БС - 95 | Еуро супер БС - 98 | Еуро дизел БС (Д-Е V) | Масло за горење (ЕЛ – 1) | Мазут М-1/НС | Службен весник |
| 09.01.2025 | 78,00 | 80,50 | 72,50 | 72,00 | 45,711 | 4/2025 |
| 14.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 73,50 | 73,00 | 45,285 | 6/2025 |
| 17.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 75,50 | 73,00 | 46,336 | 10/2025 |
| 18.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 75,50 | 75,00 | 46,336 | 11/2025 |
| 21.01.2025 | 81,00 | 83,00 | 76,00 | 75,50 | 46,673 | 12/2025 |
| 28.01.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,50 | 73,50 | 45,631 | 17/2025 |
| 31.01.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,50 | 73,50 | 44,531 | 20/2025 |
| 04.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 44,531 | 22/2025 |
| 06.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 46,025 | 24/2025 |
| 08.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 47,469 | 27/2025 |
| 11.02.2025 | 79,50 | 81,50 | 73,00 | 73,00 | 48,011 | 28/2025 |
| 18.02.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,00 | 73,50 | 47,209 | 34/2025 |
| 21.02.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,00 | 73,50 | 46,190 | 39/2025 |
| 25.02.2025 | 79,00 | 81,00 | 73,50 | 73,00 | 46,178 | 42/2025 |
| 04.03.2025 | 77,50 | 79,50 | 72,00 | 71,50 | 44,952 | 48/2025 |
| 07.03.2025 | 77,50 | 79,50 | 72,00 | 71,50 | 43,501 | 51/2025 |
| 08.03.2025 | 75,00 | 77,50 | 72,00 | 71,50 | 43,501 | 52/2025 |
| 11.03.2025 | 74,50 | 76,50 | 70,00 | 69,50 | 42,261 | 53/2025 |
| 18.03.2025 | 74,50 | 76,50 | 68,50 | 68,00 | 41,345 | 59/2025 |
| 25.03.2025 | 75,00 | 77,50 | 68,00 | 68,00 | 40,755 | 63/2025 |
| 02.04.2025 | 76,50 | 79,00 | 69,00 | 69,00 | 41,705 | 69/2025 |
| 08.04.2025 | 76,00 | 78,50 | 68,50 | 68,50 | 41,025 | 73/2025 |
| 09.04.2025 | 76,00 | 78,50 | 68,50 | 68,50 | 40,006 | 74/2025 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10.04.2025 | 74,00 | 76,00 | 66,50 | 66,50 | 39,965 | 76/2025 |
| 11.04.2025 | 74,00 | 76,00 | 66,50 | 66,50 | 37,708 | 77/2025 |
| 12.04.2025 | 71,50 | 74,00 | 64,50 | 64,50 | 37,708 | 78/2025 |
| 15.04.2025 | 71,50 | 73,50 | 64,00 | 64,00 | 36,992 | 79/2025 |
| 23.04.2025 | 71,50 | 73,50 | 64,00 | 64,00 | 36,780 | 82/2025 |
| 29.04.2025 | 73,50 | 75,50 | 66,00 | 65,50 | 37,155 | 86/2025 |
| 06.05.2025 | 73,00 | 75,00 | 65,00 | 65,00 | 36,042 | 89/2025 |
| 13.05.2025 | 73,50 | 75,50 | 64,50 | 65,00 | 35,450 | 92/2025 |
| 16.05.2025 | 73,50 | 75,50 | 66,50 | 65,00 | 36,529 | 97/2025 |
| 20.05.2025 | 75,50 | 77,50 | 67,00 | 69,00 | 36,808 | 99/2025 |
| 27.05.2025 | 75,00 | 77,00 | 65,50 | 68,00 | 37,433 | 104/2025 |
| 03.06.2025 | 74,50 | 76,50 | 65,00 | 67,50 | 37,867 | 110/2025 |
| 10.06.2025 | 74,50 | 76,50 | 66,00 | 68,50 | 38,486 | 115/2025 |
| 17.06.2025 | 76,00 | 78,00 | 67,50 | 67,50 | 39,779 | 120/2025 |
| 21.06.2025 | 76,00 | 78,00 | 72,00 | 70,00 | 40,928 | 125/2025 |
| 24.06.2025 | 77,50 | 79,50 | 73,00 | 72,00 | 41,687 | 126/2025 |
| 28.06.2025 | 77,50 | 79,50 | 70,50 | 72,00 | 40,188 | 129/2025 |

# РОКОВИ ПРИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОДНЕСУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ ЗА ЈУНИ/2025 ГОДИНА

**Даночниот роковник** е потсетник за навремено поднесување на даночните пријави во законски предвидените рокови. Во календарот даден е преглед на даночните обврски и роковите во кои треба да ја поднесете даночната пријава по одделни видови даноци.

Доколку рокот до кога треба да се поднесе соодветната даночна пријава **е Сабота, Недела или Државен празник**, тогаш тој **се поместува за првиот следен работен ден**.

Но, сепак се препорачува даночните обврски да ги исполнат пред навршувањето на крајните рокови, прикажани во Табелата.

| ОБВРСКА | РОК НА ДОСТА-ВУВАЊЕ |
|---|---|
| **ОБРАЗЕЦ**: **МПИН – Поднесување на** Месечна пресметка за интегрирана на Бруто плата односно придонеси од задолжително социјално осигурување и ДЛД од плати за ***МАЈ/2025* година.**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:: Електронски до УЈП.** | **До 10 ЈУНИ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **ДБ- Даночен биланс за оданочување на добивката** Плаќање на данок на добивка по основ на Даночен биланс кој е поднесен **до 15-ти МАЈ/2025**<br>**ОБВРЗНИЦИ: ФИРМИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕе**: **Електронски до УЈП.** | **До 15 ЈУНИ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **МПИН – Плаќање по основ на Месечна пресметка за интегрирана наплата на Бруто плата** односно придонеси од задолжително социјално осигурување и ДЛД од плати за ***МАЈ/2025* година**<br>**ДОСТАВУВАЊЕе**: **Електронски до УЈП.** | **До 15 МАЈ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **Е-ПДД – Плаќање на аконтацијата на данокот на личен доход** преку реализација **на ПП53** налогот од одобрените Електронски пресметки (**е-ППД**) кои ги имате поднесено за остварениот доход во земјата и странство во системот https://e-ujp.ujp.gov.m | **До 15 ЈУНИ** |

| | |
|---|---|
| **ОБВРЗНИЦИ: ГРАЃАНИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **Електронски до УЈП**. | |
| **ПЛАЌАЊЕ НА: Месечна аконтација на ДАНОК НА ДОБИВКА .(МДБ) за** ***МАЈ/2025 година***<br>**ОБВРЗНИЦИ:** Сите правни субјекти освен обврзник со посебен даночен статус (***заштитно друштво за вработување на инвалиди, стопанска единица на КПУ, или корисник на технолошко индустриска зона, како и тр-говските друштва кои се обврзници на паушал на вкупен приход***).<br>**НАПОМЕНА: Образецот *„МДБ" немате обврска да го доставувате до УЈП.*** | **До**<br>**15 ЈУНИ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **Е-ПДД – Плаќање на месечната аконтација за данокот на личен доход од вршење самостојна дејност** преку реализација **на ПП53 налогот** од Електронски пресметки (е-ППД) кои се прилог кон решенијата за утврдување на годишниот данок за доходот остварен од вршење дејност во системот https://e-ujp.ujp.gov.mk ***МАЈ/2025*** **година**<br>**ОБВРЗНИЦИ: ПАУШАЛИСТИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **Електронски до УЈП**. | **До**<br>**15 ЈУНИ** |
| **ОБРАЗЕЦ: ДЛД-ДБ – Плаќање на месечната аконта-ција за данокот на личен доход по основ на ДЛД-ДБ ПРЕКУ** преку реализација на ПП53 налогот од Електронската пресметка (МДЛД) во системот https://e-ujp.ujp.gov.mk за ***МАЈ 2025*** **година**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Трговец поединец и самостоен вршител на дејност**<br>**Доставување**: **Електронски до УЈП**. | **До**<br>**15 ЈУНИ** |
| **ОБРАЗЕЦ: ВХВ-1/**Извештај за состојба и промени на вложувања во сопствени хартии од вредност и удели во инвестициски фондови и **ВХВ-2**/Извештај за состојба и промени на вложувања во должнички извештај за состојба и промени на вложувања во должнички хартии од вредност за ***МАЈ 2025*** **година.**<br>**ОБВРЗНИЦИ**: **Резиденти** кои можат да вложуваат во хартии од вредност на странски финансиски пазари.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **до НБРМ.** | **До**<br>**20 ЈУНИ** |
| **ОБРАЗЕЦ: МИ –** Месечен извештај за трансакции за во странство.**за** ***МАЈ/*****2025 година.** | **До**<br>**20 ЈУНИ** |

| | |
|---|---|
| **ОБВРЗНИЦИ: Резиденти** кои имаат сметки во странство, евидентни сметки или имаат одо-брение за девизен макси-мум, односно во работењето вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ: до НБРМ** | |
| **ОБРАЗЕЦ**: "**ДДВ/04 "Даночна пријава на ДДВ**<br>**ОБВРЗНИЦИ**: **МЕСЕЧНИ** даночни обврзници.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:** преку **http://etax.ujp.gov.mk** | **До 25 МАЈ** |
| **ОБРАЗЕЦ: "ДДВ-11 "БАРАЊЕ за враќање на ДДВ кој нема седиште или подружница вои земјата.**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Странски фирми.**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:http://etax.ujp.gov.mk** | **До 30 ЈУНИ** |
| **ОБРАЗЕЦ: "ДДВ-12 "БАРАЊЕ за враќање на ДДВ на НЕПРОФИТНИ организации.**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Непрофитни органозации.**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:xttp://etax.ujp.gov.mk** | **До 30 ЈУНИ** |
| **ОБРАЗЕЦ: "Доставуување на Ревизорски финансиски извештаи и одобрени финансиски извештаи со годишен извештај за работа.**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Друштва подложни на ревизија.**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ: До ЦРМ** | **До 30 ЈУНИ** |

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

*дипл.економист: Ромео Костадинов*

## *ДДВ И ФАРМАЦЕВТСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА МЕЃУНАРОДНИ СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали фармацевтски производи кои се од увозно потекло, наменети за европскиот младински олимписки фестивал кој се одржува во Македонија, подлежат на ДДВ при увозот?

***ОДГОВОР:***

Одночувањето со ДДВ, се врши согласно одредбите на Законот за ДДВ ("Службен весник на РМ" 44/99...198/18 и "Службен весник на РСМ" 98/19...3/25).

Притоа оданочувањето се врши на прометот на добра и услуги, кој се врши со надоместок во земјата, од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и на увозот на добра.

Согласно со одредбите од член 23 и 24, се предвидени општи ослободувања од ДДВ, со право на одбивка на претходниот ДДВ и без право на одбивка на претходниот ДДВ, за општиот промет на територија на МК и прометот наменет за слободните царински зони.

Со одредбите од член 27, 27-а, 27-б, 27-в и 27-г, се предвидени ослободувања при увозот на добра на територијата на Македонија.

Увозот на фармацевтски производи кои се наменети за здравствена намена, што се употребуваат при меѓународни спортски манифестации (Европскиот младински олимписки фестивал), се ослободени од ДДВ согласно одредбата од член 27-б, став 1 точка 22 од Законот за ДДВ.

При увозот на наведените добра, се декларира наведената специјална намена на наведените добра, за овозможување на примената на ослободувањето по овој основ.

# ОТТУЃУВАЊЕ НА ОСНОВНО СРЕДСТВО БЕЗ НАДОМЕСТ НА СОПСТВЕНИК НА ДРУШТВО

***ПРАШАЊЕ:***

Дали бесплатно преотстапување во сопственост на сопственикот на друштвото, подлежи на оданочување со ДДВ и на која основица се пресметува, ако средството кое се преотстапува, има нула денари сегашна вредност (целосно амортизирано).

***ОДГОВОР:***

Одночувањето со ДДВ се врши согласно одредбите на Законот за ДДВ ("Службен весник на РМ" 44/99...198/18 и "Службен весник на РСМ" 98/19...3/25).

Согласно одредбите од член 3 од Законот за ДДВ, предвидени се прометите на добра со надомест, за кои се применува оданочување со ДДВ, но и посебни видови на промети со или без надомест, кои се сметаат за оданочувачки промет.

Врз основа на одредбата од член 3 став 3 точка 2 од Законот за ДДВ, прометот на добра без надомест од страна на трговски друштва и други здруженија на лица, спрема нивните сопственици на влог, спрема членовите и спрема нив блиски лица, претставува оданочив промет. Иако не постои надоместок, ова отстапување во поглед на оданочувањето е вградено во основната конструкција на Законот за ДДВ.

Со одредбите од член 16 до член 19 се определени даноч-ните основици, врз кои се применуваат пропишаните даночни стапки за пресметување на ДДВ, за посебни видови на промети.

Со одредбата од член 19 став 1 точка 1 се пропишува даночната основица во висина на **набавната цена** или доколку истата не постои, **цената на чинење во моментот на прометот**, за бесплатно преотстапените средства од имотот на друштвото спрема сопственикот.

Согласно наведеното бесплатното преотстапување на средства и имот во сопственост на друштвото на основачите подлежи на оданочување со ДДВ, иако наведениот имот/средства немаат сегашна вредност во сметководствената евиденција на субјектот.

***дипл.економист: Јулија Минковска***

## *ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД ПРИ ИСПЛАТА НА ТРОШОЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА, ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК И ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали исплатата на надоместоците на трошоците за службени патувања, за теренски додаток или одвоен живот од семејството на вработените лица, исплатувачот има обврска да поднесе електронска пресметка, преку системот e-pdd.ujp.gov.mk на УЈП?

***ОДГОВОР:***

Согласно одредбите од член 12 став 1 точка 18 и член 15 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход ("Службен весник на РСМ" 241/18; 275/19; 290/20, 274/22) и член 35 од Општиот Колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството ("Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), доколку надоместокот на трошоците за дневници за службени патувања, **за теренски додаток или одвоен живот** од семејството на вработени лица се исплатени **до пропишаните износи,** во тој случај исплатувачот **нема обврска** да изготви и поднесе електронска пресметка преку системот e-pdd.ujp.gov.mk.

Доколку пак, надоместокот на трошоците за дневници за службени патувања, за теренски додаток или одвоен живот од семејството на вработени лица, **се исплатени над пропишаните износи**, во тој случај исплатувачот има обврска да изготви и поднесе електронска пресметка **e-pd-d.ujp.gov.mk** до Управата за јавни приходи, за износите над пропишаниот лимит.

Исплатувачот, при исплата на надоместок на трошок за служебни патувања, **за теренски додаток или одвоен живот од семејството** на вработени лица **над пропишаниот износ,** електронската пресметка треба да ја пополни со избирање на следниот;

**Вид на доход**:
**Т1 - ДОХОД ОД РАБОТА**
**Под вид**

**S1.8 - Други примања на вработени лица кои подл-ежат на оданочување**,

се внесува износот на на-доместок над пропишаниот износ на кој се пресметува данок на доход.

Доколку износите кои се до пропишаниот износ ослободен од ДЛД согласно Законот сакате да ги исплатите преку "e-pdd" системот на УЈП, истите може да се исплатат преку:

**Под вид S1.9 - Доход кој не подлежи на оданочување со ПДД**, се внесува износот на надоместок, на кој не се пресметува данок на личен доход.

## *ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД ЗА ОРГАНИЗИРАН ПРЕВОЗ ДО И ОД РАБОТА И ИСХРАНА ЗА ВРЕМЕ НА РАБОТА*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали се плаќа данок на личен доход за организиран превоз до и од работа, како и исхрана за време на работа?

***ОДГОВОР:***

Согласно член 12 став 1 точка 19 и член 15 став 1 точка 2 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РСМ" 241/18; 275/19; 290/20, 85/21, 274/22) и член 113, ставови 4 и 5 од Законот за работните односи ("Службен весник на РСМ" 62/05...111/23, 39/25, 74/25), Данок на личен доход **не се плаќа** на организиран превоз **до и од работа**, како и исхрана за време на работа утврдени со Закон, Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, односно за вработените во нестопанството, во висина утврдена со прописите за Органите на државната управа.

**Работодавачот на свој трошок, може да им организира на работниците превоз до и од работното место, како и исхрана за време на работа**, при тоа трошоците за исхрана можат да изнесуваат **најмногу до 20% од просечната нето плата по работник, исплатена во претходната година**.

За 2025 година трошоците за организирана исхрана изнесува:

| |
|---|
| **8.248,0 (41.239,00 x 20%)** |

Меѓутоа во одредени ситуации, земајќи ја во предвид оддалеченоста на деловните простории од места каде што би можело да се набави храна, **работодавецот може да одлучи на свој трошок да обезбеди организирана исхрана во просториите на Друштвото.**

За таа цел би се потпишал договор со добавувач, кој би дистрибуирал храна, подготвена од нивна страна во нивни простории.

Друштвото треба да обезбеди одделна просторија (кујна) во која храната би се сервирала, а истата би се консумирала исто така, во одделна просторија наменета за таа цел.